# МАПИРАЊЕ

## на

## ОРГАНИЗАЦИИ ВО ПОЛЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

**АВТОРИ И ИСТРАЖУВАЧИ:**

Бојан Шашевски
Александар Таковски

**КОНЦЕПТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА**

Мартин Петрушевски
Никола Нешкоски
Весна Павлова
Сашко Јованов
Александар Стојаноски

**ДИЗАЈН И ТЕХНИЧКА ПОДГОТОВКА:**

Александар Тодов

**ЛЕКТУРА:**

Марија Нешкоска

Оваа публикација е дел од проектот "Охрабрување на децата и младите во Северна Македонија да станат двигатели на промените за намалување на ранливоста на заедниците од климатските промени" спроведуван од УНИЦЕФ со финансиска поддршка на Шведската агенција за меѓународна соработка и развој (СИДА)

За потребите на УНИЦЕФ истражувањето го спроведе Здружението на граѓани Еко Логик.

Ставовите во оваа публикација не ги изразуваат официјалните ставови на УНИЦЕФ и СИДА

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

502:061.2]:37(497.7)

ШАШЕВСКИ, Бојан
Мапирање на организации во полето на животната средина и климатските промени / [автори и истражувачи Александар Таковски и Бојан Шашевски] ; [дизајн и техничка подготовка Александар Тодов]. - Скопје : Еко логик, 2021. - 69, [30] стр. : илустр. во боја ; 28см

Библиографија: стр. [98-99]. - Финансиер: Шведската агенција за меѓународна соработка и развој,
Оваа публикација е дел од проектот "Охрабрување на децата и младите во Северна Македонија да станат двигатели на промените за намалување на ранливоста на заедниците од климатските промени" спроведуван од УНИЦЕФ со финансиска поддршка на Шведската агенција за меѓународна соработка и развој (СИДА)

ISBN 978-608-4798-05-7

1. Таковски, Александар [автор]
а) Животна средина -- Невладини организации -- Активности -- Образование -- Македонија

COBISS.MK-ID 55767557

ADVANCING ENVIRONMENT AND CLIMATE CHANGE EDUCATION

eco LOGIC

unicef

Sweden Sverige

# СОДРЖИНА


- Резиме 3
- Вовед 4
- Почетен поглед кон зелениот активизам во земјата 4
- Профилирање на истакнати организации и нивни проекти во полето на образование за животна средина и климатски промени 12
  - ОХО 13
  - „Гоу Грин“ (Go Green) 17
  - „Еко Логик“ (Eco Logic) 20
  - „Институт за комуникациски студии“ (ИКС) 23
  - „Македонско еколошко друштво“ (МЕД) 25
  - „Регионален центар за животна средина“ (РЕЦ) 27
- Останати граѓански организации и нивни проекти за млади и со млади 29
- Мапирање - листа на организации и нивни дејности во полето на животна средина, климатски промени, одржлив развој, образование и младински политики 33

## РЕЗИМЕ

Мапирањето на организации кои што во нивното поле на дејствување имаат фокус на животна средина, климатски промени, одржлив развој, млади и образование е дел од проектот "Охрабрување на децата и младите во Северна Македонија да станат двигатели на промените за намалување на ранливоста на заедниците од климатските промени" спроведуван од УНИЦЕФ со финансиска поддршка на Шведската агенција за меѓународна соработка и развој (СИДА) чии цели вклучуваат создадавање капацитети (наставни и вон-наставни активности, наставни ресурси - материјали) за поефикасно образование во областите на заштита на животната средина и климатски промени. За да се постигне целта и да се овозможат дополнителни контакти и ресурси во образовниот систем, подготвено е основно мапирање кое може во иднина да послужи како можност за вмрежување, обука и зајакнување на капацитетите за работа на локално ниво, како и интеграција на образованието за климатски промени во кое било ниво во образовниот систем.

Согласно динамиката на формирање на организации, како и нивото на нивна активност, ова мапирање не е финално, односно е жива материја која во иднина е потребно да се ажурира, и да прерасне во единствен национален регистар за организации од полето на животна средина, климатски промени, одржлив развој, млади и образование.

## ВОВЕД

Ако една држава сака да има квалитетни и долгорочни програми за образование за животна средина и климатски промени, кои што систематски ќе се совпаѓаат со времето и потребите на граѓаните, истата треба да се потпира и врз невладиниот сектор кој што ќе нуди искуство, знаење и капацитети да го предводи тој процес во соработка со институциите. Оттука, сметаме дека е потребно да се направи мапирање, анализа и профилирање на граѓанските организации кои што досега работеле на зелени политики, климатски проблематики, и воопшто на одржлив развој. Целта на овој документ е да се увидат досегашните активности на граѓанскиот сектор на овие теми, но и работата со младите во формално и неформално образование, со цел да се добие побогата слика за потенцијалите, како и за идните учесници во градењето на ефективно образование за животна средина и климатски промени.

## ПОЧЕТЕН ПОГЛЕД КОН ЗЕЛЕНИОТ АКТИВИЗАМ ВО ЗЕМЈАТА




Зелениот активизам и граѓанското организирање кон животната средина и климатските промени зедоа значаен замав во новиот милениум. Ова е од особена важност ако се земе во предвид потребата од ублажување на проблемите со климатската криза. Глобалните климатски текови поттикнаа движења што се пресликаа во Република Северна Македонија, а локалните проблеми со загаден воздух, индустријализација, нефункционален систем за отпад, но и немањето алтернативи за загревање создадоа домашни иницијативи и отворени организации кои што работат и даваат придонес кон политики што ќе бидат вкоренети во решавање на реални проблеми.

Има повеќе примери за растечко зелено граѓанско општество. Протестите против рестартирањето на Топилницата во Велес покажаа дека локалните иницијативи можат да бидат успешни и да мобилизираат различна категорија граѓани за иста цел, и се обединија како „Зелена Коалиција". Иницијативи имаше и за скопска Железара против „Јухохром" во Тетово, кога граѓани се здружуваа против диви депонии и сечење на шумите на Водно и Шар Планина. „Петоци на Иднината" го носеа климатскиот пламен на младите, а „Не биди Ѓубре" активно чистат јавни површини, додека пак расте и граѓанскиот отпор против малите хидроцентрали и рудниците во југоистокот на земјата. Иницијативата „Поинаку" пак, успеа да влезе во Советот на Битола и преку институционален пат да ги пренесува кон јавноста локалните проблеми за аерозагадување, урбанизам, транспорт и загревање.

Почетокот на претходната деценија го одбележаа и формалните организации. „Гоу Грин" преку кампањата „Биди зелен" ја подигнуваше свеста кај младите за одржливиот развој на животната средина и ги учеше за значењето на енергетски ефикасна и ниско јаглеродна економија, а пораката на проектот опфати над 800.000 лица.

„Еко-свест" долги години водеше борба за запирање на меѓународното финансирање за Бошков мост и Луково поле – две големи хидроцентрали во НП „Маврово".
Потоа, „Грин пауер" и „Вила Зора" од Велес освен што беа главниот мотор во борбата против Топилницата, беа предводници и во судскиот процес „Велес против Македонија за историско загадување" кога осум субјекти ја тужеа државата во првиот голем еколошки правен процес од независноста на државата.

„Македонското еколошко друштво", во друштво со истомисленици од Косово и Албанија сеуште активно се бори за зачувување на Балканскиот рис, симбол од „петденарката", но на раб на изумирање според Црвената листа на загрозени видови. Тие веќе 15 години ја следат оваа „голема мачка со мали шанси", во обид да го зачуваат екосистемот, внесувајќи едукативен аспект за подигнување на свеста за ова прашање.

„ОХО“ со систематизиран пристап, години наназад се залагаше да внесе еколошко образование, почнувајќи од градинки до средни училишта, а „Еко Логик“ пак, е организација која поттикнува алтернативна мобилност и одржлив развој, со развиена мрежа на училишта од целата земја каде ги пренесува овие принципи.

## Здружување на организации преку разни платформи и кампањи

Празнината оставена од институциите и немањето континуитет во спроведување на политиките и законите во Северна Македонија, низ годините отвори потреба и за здружување на граѓанскиот сектор, заедничко делување и лобирање за предизвиците кон животната средина и климатските промени, на пример во поглед на локални проблеми со воздух, вода, почва, отпад, енергија и слично. Исто е и за имплементација на домашни стратегии или легислативи од Европската унија, или пак за неформална едукација на темите од интерес. Преку разни платформи и кампањи, зелените организации наоѓаа начин да се поврзуваат, истовремено водени од начелата за одржлив развој.

Во 2011-та година е формирана и **Платформа за младинска одржливост**. Таа за прв пат е промовирана на Семинар за одржлив развој, каде невладините организации „Гоу Грин“, „Младински Образовен Форум“, „АИСЕК“ и „Сојузот на Извидници“ ја потпишаа Декларацијата за младинска одржливост. Целта на Платформата е да поттикне заедничко работење и меѓусебна поддршка помеѓу невладините организации за подигнување на свеста кај нивните членови во однос на одржлив развој и заштита на животната средина, а пред се главни активности на платформата беа едукативни настани и семинари. Во 2012-та и 2013-та година кон Платформата се приклучија нови младински организации и се реализираа нови проекти, а активностите и целите на Платформата се објавуваа преку истоимена Фејсбук страница. Почнувајќи од реупотреба на материјали, селекција на отпад или одржливи форми на транспорт, Платформата беше можност за младите да се

образуваат и истовремено да се активираат во секојдневниот живот, но и да бидат подобро еколошки освестени.



„Екосфера“ е електронска платформа за поврзување и соработка за заштитата на животната средина. „**Екосфера**“ започна во 2014-та, а во 2016-та година на годишната средба на еколошките здруженија беше прифатена како основна алатка за комуникација помеѓу зелените организации и институции. Платформата имаше за цел да ги подобри и развие капацитетите на здруженијата на граѓани за активно учество во консултативните процеси, за соодветно разменување на информации, за следење на влијанијата врз животната средина и еколошките трендови на локално ниво, но и поголема транспарентност и отвореност кон пошироката јавност.

Во 2018-та и 2019-та година, преку низа протести и акции се оформи иницијативата „**Зелен Фронт**“. Околу 35 организации од Скопје, Битола, Тетово, Гостивар, Куманово се здружија и испратија конкретни барања до институциите со прецизни рокови за нивна испорака. Тие бараа и интегриран систем за управување со отпадот, еколошки истраги од Јавното обвинителство, зајакната инспекција врз животната средина, заштита на зеленилото, промена на начинот на греење, но и решенија на еколошките критични теми и предизвици. Ова претставуваше ново зајакнување и реорганизирање на силите во граѓанскиот сектор, на формално и неформално ниво, со цел да се алармира за децениските локални, но и воопшто национални проблеми.

„Институтот за комуникациски студии (ИКС)“ во 2019-та година иницираше кампања „**Реагирај! Не игнорирај!**“, како дел од проектот „Поддршка за добро владеење преку граѓанско учество за поголема транспарентност и отчетност на институциите“. Целта беше да се зголеми притисокот кон јавните институции за поефикасно решавање на проблемите од животната средина, но и истовремено да се поттикне и насочи граѓанскиот активизам кон државни и локални институции, со

цел прифаќање на концептот на одржлив развој. Кампањата се спроведуваше во соработка со факултети, средни училишта, граѓански иницијативи и еколошки организации. Исто така, голем број медиуми се приклучија кон „Реагирај! Не игнорирај!", кои што пак информираа, истражуваа и анализираа проблематики низ три клучни теми: одржливи градови, здрава околина и климатски промени.

Во склоп на кампањата се одржаа низа конференции и јавни настани. Со кампањата се креираа едукативни подкасти и постери за средношколци, но и т.н. „Библиотека"- онлајн материјали за образување во областа на животната средина, на македонски и на албански јазик, и тоа наменети за наставници и ученици во основно образование. Материјалите се достапни за преглед и слободно користење.

Потребата за соодветно управување со водните ресурси и ефективен инспекциски надзор против прекумерното искористување на природните ресурси (минерални суровини, шуми, почва и вода) во 2020-та беше поттик за уште една кампања под името „**Разбистри се**'". Се работи за кампања на „ИКС" и "Алијансата за застапување и лобирање". Кампањата се совпаѓаше со целите кои треба да се исполнат заедно со примена на одредбите од Законот за води, односно одржливо користење, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси, крајбрежното земјиште и биолошката разновидност, како и намалување на испуштања на опасни материи и супстанци во водите. Иницијаторите алармираа дека имплементацијата на законодавството е на многу ниско ниво, водниот ресурс се користи нерационално, не ја добива соодветната заштита како медиум на животна средина, нема институционален капацитет и нема опрема за имплементација. Исто така, недоволно се одвојуваат средства од државниот буџет за имплементација на законодавството.

Кампањата до крајот на август 2021-ва година поврза 40 организации и иницијативи, 36 медиуми, три факултети и три институции. Преку кампањата беше започната и дигитална алатка за пријавување на загадувачи, се спроведуваа онлајн предавања за животна средина и климатски промени, а истовремено преку здружени јавни пораки и реакции се лобираше против измените во Законот за минерални суровини. Објавени се и 15-ина публикации. Тука се вбројани документи за одржливо

управување со водните ресурси, за хидролошки мониторинг, за подобро спроведување на инспекциската контрола и слично. Документите се слободни за преглед и преземање.

„**МојГрад**“ е независна платформа која што овозможува граѓанско учество во процесот на носење одлуки во Советот на Град Скопје. Платформата претставува виртуелна инфраструктура за изградба на автентична локална заедница, промовирајќи радикален концепт за директна демократија на локално ниво. Сите учесници заеднички го негуваат духот на заедницата на „МојГрад“, преку колективно наоѓање на практични решенија за урбаните предизвици и се предводени од принципите на екологија, одржлив развој и солидарност.

„МојГрад“ претставува дигитално проширување на коалицијата на граѓански здруженија „**Зелен Хуман Град**“. Почетоците на оваа коалкиција се навраќаат кон 16-ти септември 2020-та година, кога во скопскиот Градски парк се одржа Граѓанскиот буџетски форум „Моја заедница. Моја визија“. Од ваквиот собир, по принципот на директна демократија, произлегоа идеи што потоа беа доставени до Советот на Град Скопје преку советничката Драгана Велковска. Организациите понудија иницијативи за селектирање отпад, фотоволтаични системи за средни училишта, мерачи за воздух, субвенции за скутери за лица со хендикеп, градска народна кујна и зголемување на процентот на квалитетна вело-инфраструктура.

Како што се развиваше концептот за директна демократија на коалицијата, така и истовремено растеше и бројот на предлози на „МојГрад“. Секој граѓанин можеше да даде свој предлог, истиот да се изгласа на дигиталната платформа, а потоа предлогот, преку Советот да навлезе во институционални процедури. За само 10 дена од лансирањето, на платформата ѝ пристапија над 4.000 посетители и имаше повеќе од 1000 регистрирани корисници, кои што поднесоа вкупно 28 предлози и дадоа повеќе од 1.500 гласови, на пример за градски компостари, пристапни улици и тротоари за лицата со хендикеп, субвенции за стерилизација и кастрација на миленици, како и трансформација на руинираниот индустриски комплекс „Купрум“ во студентски град и слично.

Листата на членови на „Зелен Хуман Град“ се поединци и организации, и во 2021-ва година

продолжи да расте. Во време на пишување на текстов, вклучени се организации и иницијативи како **„МојВоздух“, „ЕДЕН“, „НаТочак“, „Не биди ѓубре“, „Хумани градови“, „Анима Мунди“, „Гоу Грин“, „Колектив Зет“, „Меѓаши“, „Една може!“, ЕдуАктив, „Полио Плус“, „Аваја“, „Шепасти Ентузијасти“, „Бездомни животни без граници“ и „Од нула до нула“**.




**„Коалиција на иднината“** се роди со цел заедничка координација и дискусии околу потребите за праведно закрепнување од пандемијата и креирање одржлив систем кој ќе ги поткрепи сите кризи кои следуваат, а истите се меѓусебно испреплетени. Овде припаѓа и креирањето на национален Зелен договор, кој вклучува собирање и изложување на праведни и одржливи решенија околу реконструирање на ресурсите и враќање на вредноста на заедницата.

Според иницијаторите, целта на оваа Коалиција е да биде платформа за градење на колективна визија за иднината која што ја сакаме за себе и идните генерации (во државата и регионот), како и креирање на широка меѓусекторска група на луѓе, организации, активисти, движења, експерти, уметници, едукатори, заедници и индивидуи кои заеднички ќе создадат и имплементираат чекори што се стремат кон постигнување на таа иднина. Коалицијата на иднината е отворена за сите кои сакаат колективно да работат, веќе работат или пак се дел од група која работи на подобрување на животите на луѓето во која било сфера на постоење.

Во Коалицијата се вклучени организации и иницијативи како „Колектив Зет“, „Еко Правда“, „Добра Земја“, „Рурална Коалиција“, „Иницијатива за забрана на пластични ќеси“ и други. Коалицијата е здружена преку дигиталната партиципативна платформа **„Зелен глас“**, а преку неа се поставуваат информации за самата Коалиција и Зелениот договор. Платформата презентира и низа климатски статии, анализи со решенија за климатската криза, забелешки кон Стратегијата за климатска акција, а има и повици за мобилизирање граѓани.



Националниот „**Зелен договор**“ е план креиран врз основа на долгорочна колективна визија за општествено-праведно, еколошко и климатски-одржливо општество во 2030-та година, со конкретни краткорочни чекори за преуредување на моменталниот политичко-економски систем. Според Коалицијата, краткорочните чекори може да бидат во форма на предлози за градење и менување на политики за постигнување на климатска, социјална, економска и енергетска правда, како и локални иницијативи за подобрување на животите на засегнати групи и заедници, истовремено зачувувајќи ја природата и локалните екосистеми. Заинтересираните можат да се вклучат и да ја искажат својата визија, која би била вклучена во Зелениот договор.

„**Националната платформа за климатски промени**“ претставува главен канал за комуникација за климатските промени и климатска акција во Северна Македонија, на национално и на локално ниво. Таа се состои од различни иновативни и оригинални комуникациски алатки кои ги доближуваат прашањата во врска со климатските промени до корисниците, но исто овозможуваат спроведување на навремени активности за ублажување и адаптација од страна на сите граѓани.

Климатските промени се поврзани со сите сектори и нивните влијанија се одразуваат во сите сектори (енергетика, транспорт, сточарство и земјоделство). Имајќи во предвид дека климатските промени се прашање наменето за повеќе сектори, потребен е токму повеќесекторски пристап и тесна соработка со многу засегнати страни, за која што е потребна постојана комуникација меѓу сите нив.

Платформата е развиена со техничка и финансиска поддршка од „Програмата за развој на Обединетите нации“ (УНДП) и Глобален Еколошки Фонд (ГЕФ) и истата ја одржува Министерството за животната средина и просторно планирање. Потоа, Граѓанскиот сектор е вклучен во Платформата преку разни текстови, анализи и иницијативи поврзани со климатските промени. Исто така, веб сајтот на Платформата објавува активности, проекти и конференции на различни организации, исто така поврзани со климатските промени.

Група на **26 невладини организации**, здруженија на граѓани и високообразовни институции кои се

залагаат за заштита на животната средина, во соработка со „Државниот Инспекторат за Животна Средина (ДИЖС)“, во март 2021-ва година формираа „**Граѓански инспекциски совет**“ (ГИС). Според структурата, ова е мрежа на граѓански организации поврзани по хоризонтала, со Координативно тело од седум до 10 члена. ГИС е формиран поради потребата за поефикасна соработка на ДИЖС со граѓанскиот сектор и граѓаните, како централна институција за контрола и казнување за загадувањето и уништувањето на животната средина. Преку граѓанскиот активизам, треба да се помогне за побрзо и поефикасно справување со сериозните загадувања на животната средина и да се делува на недоволниот капацитет на институциите да се справат со истото, токму поради малиот број на инспектори и стручни кадри.

Граѓанскиот инспекциски совет треба да има увид и можност да влијае врз работењето на ДИЖС, да ја користи својата експертиза во одредени области за решавање на таканаречени замрсени случаи, но и да поднесува барања, приговори и тужби до одредени институции и носители на функции кои не постапуваат согласно законите за заштита на животната средина и секако, за тоа да ги известува граѓаните.

## ПРОФИЛИРАЊЕ НА ИСТАКНАТИ ОРГАНИЗАЦИИ И НИВНИ ПРОЕКТИ ВО ПОЛЕТО НА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Граѓанскиот сектор е двигател за промени во образованието за животна средина и климатски промени. Во Република Северна Македонија, низ годините се појавија низа организации кои работат на еколошки и климатски проекти, обидувајќи се да ја пополнат празнината што институциите ја оставија за образување на младата популација, токму за овие теми.

Од „Немаме резервна планета“ на „ОХО“, до програмите за слободни часови на тема Клима и енергетска ефикасност на „Гоу Грин“, преку „Зелениот пакет“ на РЕЦ, па сè до едукативните пакети на МЕД или „Вело Училишта“ на „Еко Логик“, истакнати организации целат кон комплетен и

системски пристап во еколошкото образование, а од друга страна некои обезбедуваат и постојано неформално образование.

Оттука, методолошки селектиравме шест организации за анализа, за кои што увидовме дека активно се ангажираа во изминатите години во полето на еколошката едукација, создаваа материјали и учествуваа во образовниот процес согласно следните критериуми:

- Реализирани активности во полето на еколошко образување во последните 20 години;
- Воспоставена мрежа на соработници (образовни институции, општини, граѓански организации, и слично);
- Во изминатите 20 години имаат создадени образовни материјали или пакети што се користат во формално и неформално образование за животна средина и климатски промени;
- Реализирани обуки и развиени капацитети и компетенции за темите од интерес

Во рамките на селекцијата, преку интервјуа и деск анализи се издвоени нивни активности, но и нивни предлози и забелешки кои даваат сигнали за состојбите во образовниот систем и како тоа може да се подобри во иднина.

## „ОХО“

Здружението за едукација, комуникација и консалтинг „ОХО“ е создадено во 1998-та година, и од својот почеток работи на еколошкото образување во земјата. Во 1999-та година ја развива својата програма „**Немаме резервна планета**“, како пилот проект во 10 основни училишта во Северна Македонија, меѓу кои и во Крушево, Велес, Кавадарци и Скопје. Како дел од оваа програма произлегува широк спектар на дидактички материјали, кампањи и училишни програми за активно вклучување на училиштата и градинките во решавање на еколошките проблеми. Меѓу материјалите

кои се дистрибуираат до различни воспитно образовни установи, се и **ЕКО-календар** и **ЕКО-прирачници за наставници**.

Во 2007-ма година, „ОХО“ влегува во „Меѓународната мрежа на организации“ наречена ФЕЕ или „Фондација за еколошка едукација“, спроведувајќи ја програмата „**Како да се стане еко-училиште**“, која наидува на голема прифатеност од училиштата ширум Северна Македонија.

Работејќи во континуитет во сферата на еколошката едукација, „ОХО“ во 2009-та година со поддршка од Министерството за образование и наука (МОН), одлучија да ја поставаат целокупната програма „Немаме резервна планета“ на едно повисоко ниво, вметнувајќи ја истата **во редовната настава во предучилишното и основното образование**, но преименувана како „**Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем**”.

„ОХО“ добива и своја канцеларија во ресурното министерство, со свој вработен човек, со што организацијата добива институционална поддршка за имплементација во градинки, основни и средни училишта, како и ученички домови. Програмата се состои од неколку составни делови меѓу кои главно место завзема програмата „Како да се стане еко-училиште”, односно **методологија на седум чекори за еко-менаџмент и четири еко-стандарди кои претставуваат задолжителни чекори за сите образовни институции.**

**Четирите еко-стандарди** се за струја, вода, уредување на дворот и рециклирање на отпад.

**Седумте чекори** за училиштата се:

1. Формирање еко-одбори,
2. Анализа на активности во животната средина,
3. План на активности,
4. Следење и евалуација,
5.Поврзување со наставната програма,

6.Информирање и вклучување на пошироката јавност и,
7. Еко-кодекс.

**Еко-одборот** е движечката сила на програмата. Негови членови можат да бидат: наставници од предметна или одделенска настава, родители, претставници од техничкиот персонал на училиштето, претставници од локалната заедница, претставници од медиумите, претставници од невладините организации, претставници од бизнис секторот, претставници од педагошко-психолошка служба и најважно од сѐ - негови членови се учениците.

Исто така, со **Програмата се градат капацитети на претставниците од воспитно образовните институции преку реализирање на обуки**

- за директорите,
- за стручната служба,
- за воспитувачите/наставниците-координатори на Програмата во градинките и училиштата.

**Се воведува систем на наградување за достигнувањата на училиштата и градинките** од Програмата (бронзено и сребрено ниво и ниво на зелено знаме). Се **формираше и национална мрежа на еко-училишта и еко-градинки**, кои истовремено стануваат дел од интернационалната мрежа на еко-училишта и градинки.

Преку „**Програма за мали грантови**", наградените еко-училишта/еко-градинки на ниво на зелено знаме и сребрено ниво, имаа право да аплицираат за финансиска поддршка од „ОХО", односно за реализација на еколошки проект. Притоа се спроведуваа еколошки проекти реализирани на темите: енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија, заштеда на вода, отпад, уредување на училишниот двор и така натаму.

**Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем"** во учебната 2011-та/2012-та е имплементирана во 51 детска градинка, 231 основни и 55 средни

училишта преку интегрираното планирање во наставата, и е дел од нивните годишни програми за работа.

Преку програмата, **Државниот просветен инспекторат вклучи делови од еколошката едукација во Евалуација на работата на училиштата**, со што своевремено се добива јасна слика за нејзиното спроведување, но и за конкретните активности што ги преземаат институциите.

Од учебната 2014-та/2015-та година, „ОХО“ за првпат во Северна Македонија го реализираат проектот „**Еко пакет**“, како проект за основните **еко училишта со зелено знаме**.

„ОХО“ ја спроведуваше и програмата „**Млади репортери за животната средина**“, каде што средношколци правеа статии, фотографии и видеа, и добиваа награди на натпреварите со еколошки теми.

## Забелешки и предлози од организацијата:

**Наставниците и воспитувачите што добивале прирачници, генерално биле задоволни од ваквите материјали, секако со цел да ги вметнат истите во наставата, бидејќи постоела ‘дупка’ во образованието за темите од интерес.**

**Да се задржи и континуитетот на кадри што ќе имаат интерес да ја продолжат мисијата за образование за климатски промени и животна средина. Односно, кога еден ќе започне - друг потоа да продолжи.**

**Според искуствата со институционализираниот пристап, образовните институции треба да го задржат континуитетот во своите програми и политики кон овој вид образование.**

**Во поглед на канцелариите на „Министерство за образование и наука“ што биле отстапувани на организацијата, во иднина е потребно да се размислува за начинот на финансиска одржливост на таков вид канцеларија.**

## „ГОУ ГРИН“ (GO GREEN)

„Гоу Грин“ е меѓународна младинска еколошка организација која овозможува образование за климатски промени и презема акција за нивно ублажување и прилагодување. Стратешките приоритети и цели на организацијата се стремат да ја развијат свеста на младите за тие да бидат двигатели на промени. **Главен фокус се средношколците**, а имаат работено и со ученици од основно образование. Ограницацијата е официјално регистрирана во 2010-та година, а паралелно се одвиваше и процесот на основање на „Гоу Грин“ во Белгија.

Здружението „Гоу Грин“ започнува со **едукативната кампања „Биди зелен“**. Оваа кампања станува препознатлива меѓу младите по своите средношколски **клубови „Биди зелен“**, како една мрежа низ цела Северна Македонија - Скопје, Гостивар, Тетово, Кичево, Прилеп, Битола и Куманово.

Тимот на „Биди Зелен“ го презеде раководењето на **списанието „Екологија“**, кое се дистрибуираше бесплатно за средношколците во Македонија. Преку **програмата „Направи сам“**, средношколци беа ментори на основци на тема одржлива населба.

Организацијата во 2015-та ја одржа кампањата „**GG4Climate**“, преку која што младите се едуцираа и поднесоа барања кон носителите на одлуки за климатските промени и ги презентираа во Париз на „Конференцијата за млади“, во пресрет на „Конференцијата за климатски промени на Обединетите Нации“.

„Гоу Грин“ во 2016-та изготви и **две академски книги - „Климатски промени и обновливи извори на енергија“** и **„Пречистување отпадни води“**, кои се изучуваат на Машинскиот факултет во Скопје и Техничкиот факултет во Битола.

Во 2017-та се изработени и **Програми за слободни часови на тема Клима и енергетска ефикасност** - материјали кои се влезени во формалното образование и се користат од страна на наставниците во **средните стручни училишта (електро, машински, градежно)**.

Во 2018-та година издаваат и „**Прирачник за младинско учество за еколошки промени во средните училишта**“, а следната година и „**Прирачник за пресметка на јаглеродниот отпечаток**“ на училиштата. Целта на последната, гореспомената алатка е да се поттикнат поголеми мерки за зголемување на енергетската ефикасност во училиштата, како и да се поттикне користење на сончевата енергија како енергенс за струја и топлина.

Исто така, „Гоу Грин“ иницираше и **Петиција за воведување образование за климатски промени и енергетски ефикасни училишта**.

„Гоу Грин“ во 2020-та година е автор на истражувањето „**Застапеност на образованието за климатски промени во деветгодишното основно образование во Република Северна Македонија**“. Документот е основа за нивно барање за воведување образование за климатски промени во формалното образование.

Организацијата моментално работи на **дигитална едукативна платформа** каде што би се вметнале видеа, дигитални вежби и прашалници на темите од интерес.

Забелешки и предлози од организацијата:

Моделот „Направи сам“ за одржлива населба е корисен за и понатаму да служи во образованието.

Поради пандемијата, поребно е да се размислува за дигитализација на материјалите поврзани со животна средина и климатски промени

Потребно е климатското образование да се воведе хоризонтално, во сите предмети, а не само преку предмети како Биологија, Физика или Општество, односно, ова треба да биде интердисциплинарно разработувана проблематика.

Слободните часови за климатското образование се сепак некаков чекор напред, но не се најдобрата опција. Се' додека ова е слободен, односно изборен предмет, мали се шансите за тоа темелно и ефективно да биде изучувано во училиштата.

Организацијата укажува дека Програмите за еколошко образование (формално и неформално) се застарени, односно традиционални и тие не посочуваат кон директна и очигледна поврзаност помеѓу еколошкото образование и образованието за климатски промени.

Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ од февруари 2015-та година е вметната во официјалниот документ „Правилник за формата и содржината на годишната програма за работа на основните училишта“, но истата веќе не е дел во новиот правилник од 2020-та година.

Таканаречениот „Зелен пакет“ го опфаќа само основното, но не и средното

## „ЕКО ЛОГИК“ (ECO LOGIC)

Здружението на граѓани „Еко Логик“ е организација која делува во насока на заштита и унапредување на животната средина, промовирање на современи еколошки практики, како и следење и промовирање на принципот на одржливост. Организацијата има искуство со работа поврзана со деца, млади и возрасни, фокусирајќи се и на активности за неформално образование. **„Еко Логик“ има мрежа за соработка со повеќе од 150 основни училишта и повеќе од 30 средни училишта низ Северна Македонија**.

Во голем дел од своето постоење, се фокусира на основното образование, а подоцна се проширува и на активности за градинки и средни училишта. Основана во 2011-та година, „Еко Логик“ најпрво продуцира **серија публикации „Заштитници на Планетата“**, односно мали, кратки, интерактивни брошури со информации на теми за климатски промени, аерозагадување, енергетска ефикасност и одржлив развој. Истите беа наменети за основните училишта од Општина Центар, а потоа соработката продолжува и со Општина Карпош, каде што се реализирани и работилници за животна средина и одржлив развој, и се сnаменети и за ученици, но и за училишен персонал, се‘ со цел зајакнување на нивните знаења на овие теми.

Организацијата во 2014-та година се проширува на ниво на Северна Македонија, а паралелно се случуваат и поинтензивни **обуки за наставници**, со цел темите да бидат пренесувани и обработувани и во иднина. Меѓувремено, организацијата продолжува со образовните брошури за деца и наставници.

Во 2014-та година во основното училиште „Ј.Х. Песталоци“ во Скопје е организирано првото **„Вело родео“, настан на кој преку призма на велосипед се промовираат здрави навики**, одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот. „Вело родео“ трае и ден денес, како дел од програмата

„**Вело училишта**“, која пак е оформена како резултат на организирање на истото. Преку „Вело родео“ произлегува фактот дека учениците навистина сакаат игри, и тоа игри во училница, но и надвор од неа. Организацијата, токму поради тоа, понатаму продолжува со образование врз основа на игри. Првата игра е „**Еко маало**“, како дел од пакет заедно со „Заштитници на природата“, но и лесно разбирливи прирачници за наставници на тема енергетска ефикасност.

**Едукативните игри на „Еко Логик“ се користат како наставни, но и вон-наставни активности во нивната мрежа на училишта низ Македонија**. Се работи за друштвени игри од видот на „Вело Меморија“, „Еко - Не лути се човече“, „Аналитичар на одржлив развој“, „Еко Маало“, ,,Вело Маало“, ,,Вело патека“ и други. Во нив се вклучени и еко-квиз, еко-факти на различни теми, исто така и образовни ресурси за вода, отпад, енергија, струја и човечки ресурси.

**„Еко Логик“ во работата со средните училишта се потпира на темата одржлив развој**. Исто така, работи и на „Еразмус“ проекти поврзани со темите животна средина, климатски промени, но и проекти кои ги таргетираат целите за одржлив развој, преку кои запознава организации и соработува со истите во полето на животната средина и климатските промени. Организацијата е вклучена во голем број на проекти на темите од интерес, при што резултатите се фокусирани на локално ниво (Северна Македонија), како и Европско ниво. Како дел од овие проекти во кои учествува „Еко Логик“ се креираат и развиваат **интернационални ресурси и наставни програми за основни и средни училишта**, на теми како: вештини на 21-от век, морални вредности, животна средина и климатски промени, одржлив развој и цели за одржлив развој.

Започнати се и активности со градинки, но не во системска форма, туку на ниво на работилници и обуки, а **досега се реализирани обуки во 15 градинки**. „Еко Логик“ има намера да продолжи да работи со воспитувачи и да креира материјали на темите од интерес што ќе бидат наменети за предучилишните установи.

## Забелешки и предлози од организацијата:

Работата со учениците од урбаните и руралните средини е поразлична, па е потребна различна комуникација и пристап за темите од интерес.

За ефектот од еко-игрите, наставниците/училиштата имаат изготвено и кратки извештаи. Генерално, наставниците се подготвени на образование за животна средина или климатско образование основано на игри, со оглед на резултатите и интересот на децата, за преку игра да им се пренесуваат темите, а не само преку класични лекции. Сепак, иако игрите се корисни и ефективни, дел од наставниците нагласиле дека се преморуваат со процесот на самите игри, односно, им треба дополнително време за да се подготват за конкретниот час каде што би работеле на активности преку еко-игра.

За да се создадат поголем број копии од еко-игрите за училиштата, потребно е да се најде соодветен механизам за ваквите пакети, бидејќи организацијата дошла во ситуација да нема свои ресурси, односно, да биде ограничена да прави огромен, или пак барем доволен број еко-игри што би ги користело некое конкретно училиште.

Дел од наставниците коментираат дека различните ресурси и модули на темите од интерес може да се спроведат само на одделенскиот час, или после часовите – разгледано од временски аспект.

Образование основано на игри може да биде ефективно и во средни училишта, доколку е приспособено според возраста на учениците.

Голем број од наставниците немаат проблем при планирање на воннаставни активности на темите од интерес, но ресурсите што им се нудат треба да им бидат олеснети, или пак делумно или скоро целосно обработени за да можат да ги користат.

Некои наставници коментирале дека е голем бројот на проекти од невладини организации кои влегуваат во училиштата, и тоа не само за животна средина и климатски промени, и затоа добиваат многу ресурси, и е проблематично сѐ да постигнат. Оттука, голем дел од проектите се евентуално заборавени.

Во некои училишта, работата на темите од интерес е препуштена на ентузијазмот на поединци наставници. Потребно е да се лоцираат и мотивираат таквите наставници за да помагаат на други наставници исто така. Преку систем 'обука на обучувач', односно преку т.н. ментори-наставници, целта е да се пренесува искуството, знаењето и компетенциите за темите од интерес.

## „ИНСТИТУТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ“ (ИКС)

Непрофитен научно-истражувачки институт кој пред се‘ нуди нуди магистерски студии. Исто така, „Институтот за комуникациски студии“ (ИКС) во изминативе години креираше различни производи со намена за образување за животна средина и климатски промени за деца од најмала возраст, но и основно и средно образование, како и повозрасни граѓани, и ова беше реализирано преку програми, проекти и јавни кампањи.

Преку кампањата **„Не игнорирај! Реагирај“ е направен прирачникот „Изладете ја климата“**, кој содржи планови за лекции за климатски промени за ученици од прво до петто одделение. Исто така, преку виртуелната „**Библиотека**“ има и се повеќе онлајн материјали, стрипови и прирачници во контекст на поттикнување креативни и интересни идеи за позелена иднина. Оригиналните материјали се преведени од англиски јазик, за поддршка на Целите за одржлив развој на ООН.

Преку „Не игнорирај! Реагирај“, во пропратната кампања за климатски промени, ИКС направи и **постери наменети за средношколците**, под наслов „**Биолошката разновидност и климатските промени**“. Тука се вклучени џуџест бор, јаболко, грозје и цвијичева качунка - растенија кои се загрозени од климатските промени. Овие ресурси се секако отворени ресурси за користење.

Во 2020-та година, Институтот го започна проектот „**Локална акција за подобри политики за заштита на животната средина**“. ИКС и „Македонското еколошко друштво“ (МЕД) во рок од две години **обучуваат еко-активисти и средношколци** од Пелагонија, Охрид, Струмица, Тиквеш, Демир Капија и Преспа околу тоа како да иницираат и претставаат одреден проблем во нивниот регион, а во чие решавање ќе ги вклучат граѓаните и институциите. **Проектот предвидува и изработка на онлајн едукативни ресурси**, обуки, еко-камп и теренски истражувања, кои што треба да придонесат кон создавање модел на неформално образование, кое пак и во иднина ќе може да се користи во случај на прекршување на правото на здрава животна средина. Преку проектот е направено и

истражувањето „**Локални приоритети за заштита на животната средина во регионите со заштитени подрачја**“.

Сите слободни ресурси на ИКС кои се наменети и за средношколци и наставници, можат да се најдат преку платформата „**Дигитакт**“. Ова е **база на податоци што поврзува категории како животна средина и активизам**.

Исто така, ИКС ја има образовната еколошка платформа „**Дома**“, наменета за различна целна публика, а вклучува и образовни документарни филмови. Меѓу другото, Институтот го спроведува и проектот „**Еко училница**“ преку „Дома“, **со цел развивање на еколошкото образование**. Тука се објавени кратки визуелни материјали со текст од видот „Што е деградација“, „Да ја користиме водата одговорно“, „Што е строго заштитен вид“,„Што е фрагментација на живеалишта“, „Што се екосистемски услуги“ и така натаму.

## Забелешки и предлози од организацијата:

**Во основните и средните училишта генерално недостасуваат материјали за климатски промени и животна средина;**

**Постојат организации кои што вршат обуки за темите од интерес, но им недостасуваат релевантни материјали на македонски и албански јазик, кои што ќе содржат теми и задачи за споделување со учениците, или презентирање кон нив;**

**Материјалите кои што би се користеле во формално или неформално образование за тие теми, освен во вид на прирачник, водич, вежби или постер, може да бидат и интерактивни исто така;**

**Различните видови медумски и комуникациски производи, исто така спаѓаат во групата на образовни материјали за пренесување на знаење и учење. Видео и аудио подкасти, документарни филмови, инфографици, едукативни постови – се’ тоа може да помогне во образовниот процес и да биде поинтересно и позабавно за разбирање на содржината за животна средина и климатски промени. Ова се дигитални генерации кои сакаат да кликаат, гледаат и слушаат пред се‘;**

**База на податоци со организации што нудат образовни еколошки и/или климатски производи, и истата може да им помогне на наставниците и на учениците.**

## „МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО“ (МЕД)

Основни цели на „Македонското еколошко друштво“ (МЕД) се промовирање на екологијата како наука, заштита и унапредување на животната средина и природата, ширење на еколошките знаења и унапредување на еколошкото образование, како и промовирање на принципот на одржлив развој.

МЕД реализираат програма „**Еколошка едукација**“, која нуди лекции за животни и растенија. Како дел на **тековните проекти или како одделни проекти и програми**, МЕД има изработено и голем број **образовни содржини за различни видови животни и растенија**, како и за методите за нивно набљудување и проучување.

**Изработен е и образовен пакет** за птици, наменет за обучувачи кои што работат со деца од најрана возраст во рурални или помали градски средини со цел повеќе време во природа и нејзино изучување одблизу - преку интерактивни игри поврзани со птиците. **Образовниот пакет е достапен на македонски јазик, и е наменет за сите наставници и воспитувачи**. Освен овој пакет, **подготвени се и образовни содржини, односно лекции и интерактивни задачи за ученици од прво до петто одделение**, каде што се претставени дивите птици и нивната животната средина, а на овој начин се продлабочуваат детските знаења на темата, но и се поттикнува поинаква љубов кон природата. Тука се опфатени кратки информативни објави и содржини за птиците, нивната исхрана, преселба, но и како да се набљудуваат и проучуваат овие животни. Со предавањата се опфатени птиците преселници, белогрбиот клукајдрвец, египетскиот мршојадец и многу други видови.

**Образовните содржини за растенијата** опфаќаат кратки информативни објави и содржини, со кои што се претставува нивниот тивок, но неверојатно возбудлив свет. Истите опфаќаат повеќе теми кои ги отсликуваат животите на растенијата, нивната улога во нашиот живот и нивниот опстанок. Целиот образовен пакет содржи различни видови материјали – од сликовници, брошури, лекции и

вежби, како и водичи за препознавање на растенија и живеалишта во природа.

**Образовниот пакет за балканскиот рис**, опфаќа информативни објави и содржини кои ја претставуваат оваа таинствена мачка, го отсликуваат нејзиниот живот, дом и секојдневните навики, однесувањето во текот на цела година, заканите за опстанокот и слично. За секоја одделна тема се подготвени и интерактивни задачи според одделението. **Овој пакет е наменет е за ученици од основно образование, но дел од активностите се презентираат и кон деца од предучилишна возраст, како и кон средношколци**. Образовните содржини се подготвени на македонски и албански јазик, а **целокупното образование се спроведува систематски**, пред сé во основните училишта кои се наоѓаат во подрачјата каде живее балканскиот рис, но секако и во училишта надвор од неговата територија на распространување, на интерес и барање на наставниот тим.

Освен класичното образување на деца, се прави и континуирано **образување на локалните жители и целни групи** (ловџии, земјоделци, ренџери, расадничари, планинари, групи ентузијасти).

Преку „**Млади еколози**“, спроведуваат јавни повици за доделување грантови токму на млади еколози. Програмата се спроведува во 2009-та, 2010-та, 2020-та и 2021-ва година, а целта е да се обезбеди поддршка кон градење на национални еколошки капацитети.

**Во 2020-та со „Институтот за комуникациски студии“ е започнат проектот „Локална акција за подобри политики за заштита на животната средина**“, преку кој се обучуваат еко-активисти и средношколци од Пелагонија, Охрид, Струмица, Тиквеш, Демир Капија и Преспа, односно како тие да започнат одредени активности за претставување на одреден проблем во нивниот регион, а во чие решавање ќе ги вклучат и граѓаните и институциите. Проектот предвидува и изработка на онлајн образовни ресурси, обуки, еко-камп и теренски истражувања кои што треба да придонесат кон создавање модел на неформално еколошко образование.

Со проектот е направено и истражувањето „**Локални приоритети за заштита на животната средина во регионите со заштитени подрачја**“, кое што поттикнува прашања за тоа кои се најтешките

проблеми во целните подрачја. Исто така, истражувањето се фокусира и на фактот дека во формалното образование, многу малку се изучува екологијата и заштита на животната средина.

## Забелешки и предлози од организацијата:

**Еколошкото образование во образовниот систем во Република Северна Македонија е недоволно застапено.**

**Недостасува и институционална свест за заштита на животната средина.**

**Децата се сѐ помалку во контакт со природата, а на училиштата и останатите образовни институции им треба поголемо охрабрување, ресурси и време, со цел да се посвети внимание на образованието за животната средина и образование во природа.**

## „РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА“ (РЕЦ)

Канцеларијата на РЕЦ во Северна Македонија е присутна во земјата преку локален координатор уште од јули 1993-та година, а истата официјално започна со работа во јануари 1995-та година.

Развојните програми на РЕЦ се креирани за да ги промовираат областите како интегрирано управување со отпад и водни ресурси, стратешка оценка за животната средина, соработка со невладиниот сектор, зголемување на јавната свест за животната средина, како и **образование за одржлив развој**.

РЕЦ ги развива и **мултимедијалните алатки за образование за одржлив развој, како на пример „Зелен пакет“** и **„Зелен пакет – Јуниор“**. Истите, се развиени и во форма на Прирачници за

наставници, од страна на РЕЦ, во периодот од 2006-та до 2012-та година. **Пакетите беа бесплатни за сите основни училишта во Северна Македонија** и дистрибуирани со поддршка на Бирото за развој на образованието, кое воедно требаше да биде контролор, а по завршувањето на проектот да го следи степенот на користење на Прирачникот по предметите, односно наставата која што има допирни точки со областите поврзани со животната средина и одржлив развој.

Во текот на реализацијата на проектот **обучени се помеѓу 500 и 550 наставници, од вкупно 350 училишта во државата**. „Зелен пакет" е наменет за предметната настава, односно за одделенијата од шесто до деветто, додека пак „Зелен пакет - Јуниор" за настава од прво до петто одделение.

Практично, **прирачникот беше наменет да биде еден вид помагало за факултативната/изборна настава по животна средина** (каде што согласно Програмата за основни училишта на МОН, беше предвидено да вклучува одреден број часови), за што наставниците по предметите: биологија, хемија, физика, географија или наставниците од одделенска настава по предметот природни науки (или запознавање на природата), можеа да реализираат часови со користење на прирачниците.

Мултмедијалните пакети вклучуваа:

(1) Прирачник со објаснувања за различни тематски содржини поврзани со животна средина и одржлив развој (во вид на обработени лекции со активности) и со достапна Табела за плановите на лекциите;

(2) ДВД со бројни видео записи во врска со темите што се обработуваа, како и игри на знаења (квиз прашања и проблеми за решавање).

# ОСТАНАТИ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И НИВНИ ПРОЕКТИ ЗА МЛАДИ И СО МЛАДИ

Граѓански организации и нивни проекти, програми и ресурси наменети за млади во формално или неформално образование, или проекти и акции каде што биле вклучени младите, со фокус на темите за животна средина или климатски промени

| Лого на организација | Име на организација | Проект/Програма/Ресурс/Акција |
|---|---|---|
| | „Ајде Македонија“ | Програма за учење за услуги за отпад од храна со средношколци. |
| | „Амброзија“ | Преку проектот „Намалување на CO2 и заштеда на финансии преку замена на фосилно гориво со обновлив извор, во Предшколската установа во Пехчево“, креирано е упатство кое што се однесува на градинката ОЈУДГ „7 Септември“ во Пехчево.<br>Одржани се обуки со воспитувачи за енергетска ефикасност, како дел од истиот проект. |
| | „АРНО“ | Натпревар - „Зелени идеи“, каде што меѓу учесниците и победниците на „Зелените идеи“ се и млади луѓе. Досегашните победници развиваат бизниси поврзани со отпад, рециклирање, органско производство, добивање пелети за отпад од биомаса и слично. |

| | | |
|---|---|---|
| | „Арт Поинт – Гумно“ | Преку проектот „Природата предупредува“ - активности на заедницата за заштита на биодиверзитетот“, креиран е прирачник „За чист Демир Хисар - Ајде да компостираме!“, кој што може да го користат и средношколци. Исто така е создадена и образовна боенка за деца и возрасни -„Чудесниот свет на компостирањето“. |
| | „Вила Зора“ | Во соработка со основни училишта, извидничкиот одред „Вила Зора“ има организирано велосипедски крос-настан во градскиот парк во Велес.<br>За одбележување на денот на пролетта, ова друштво заедно со учениците од прво до трето одделение од ОУ „Рајко Жинзифов“ од Горно Оризари, спроведе акција за собирање ПЕТ амбалажа. |
| | „Волонтерски Центар Скопје“ | Во 2020-та година, преку нивниот младински проект „Европските млади во првите редови на активното граѓанство: Патоказ кон колективен југо-северно-источен-западен моментум“, произлезе платформата „За почиста Македонија“, преку која се спроведуваат еко-акции. Исто така, преку проектот беше создадена и иницијативата KavInAction. |
| | „Геосфера“ | Проект „Разбудете ја ЕКО-СВЕСТА во себе“, кој што опфати анкетирање на ученици, организирање на предавања и работилници, детектирање на депонии, картирање на зелени површини и предлог решенија за зголемување на еко-свеста кај населението.<br>„Геосфера“ во 2019-та година ја реализираше образовната игра „Монопол на животната средина“, која што меѓу другото е наменета и за млади луѓе. Играта е поврзана со прашања за загадување на воздухот и водата, пренаселеност, уништување на шумите, озоносфера, глобално затоплување и слично. |

| | | |
|---|---|---|
| | „Движење за околината Молика – ДОМ“ | Проект „Жалфија – лек за век“, со цел да се мотивира младата популација во двата региони - Пелагонсикиот регион и Малешевскиот регион, за да почнат со одгледување на жалфија. |
| | „Еквалис“ | Меѓународна младинска размена -„Позитивни лидери за промени во екологијата“ опфаќајќи теми поврзани со нула отпад, глобално затоплување и екологија.<br>„Еквалис“ во 2021-ва година до МОН даде предлог Програма за служење во заедницата. Идејата е насочена за средношколците, за преку формалниот систем да се поттикнат кон општествено корисна работа, и тоа преку ментори низ вкупно 10 часа служба на заедницата. |
| | „ЕКОВИТА” | Преку проектот „Ублажување на ефектот на урбани топлински острови“, работат на обуки за млади еко-активисти, поттикнување на младите за иновативни мерки, производство на садници од автохтони видови и организирање на еколошки акции за садење на дрвја.<br>Проектот „Фиторемедијација во школо“ е наменет за основни училишта, и „Еко градина“ - со цел да се зголеми знаењето кај учениците преку еколошко уредување на училишниот двор во селото Долни Дисан. |
| | „ЕКОЗВОН“ | Образовни работилници на тема „Здрава планета – здрав живот“. |
| | „Еко-свест“ | Прирачници „Екосистеми“ и „Енергија и извори на енергија“ за ученици од четврто до деветто одделение. |

| | | |
|---|---|---|
| | „Здравец 2002“ | Заедно со ученици од средното училиште од Македонска Каменица реализирани се таканаречени 'еко-патроли'.<br>Преку проектот „Младите екологисти иднина на Македонска Каменица“, се поставувани клупи, од страна на ученици од шесто и седмо одделение од СОУ „Кирил и Методиј“. |
| | „Зелената арка“ | Основање и одржување на показна образовна градина за деца во социјалниот центар „Надеж“ во Шуто Оризари, од 2013-та до 2015-та година. Паралелно, и обуки за децата, доброволците и персоналот од областа на пермакултурниот дизајн. |
| | „ЗЕОООП“ | Проект „Животната средина те менува – набљудувај, проучувај, истражувај", со цел образување на наставници за предизвикот со еколошкото образование. Преку овој проект, наставниците од целното училиште се стекнуваат со подобрени капацитети за застапување и мобилизација на прашања во врска со климатските промени, потребното знаење за поимот и проблемите со климатските промени, како и практични вештини кои треба да се пренесат на учениците преку активности. |
| | „ИМОР“ | Проект „Чиста вода за здрав свет“ кој што вклучува едукативни работилници во основни училишта во Општина Карпош, Скопје, но и изработка на постери и плакати на тема „Секоја капка чини“.<br>Реализиран е и еколошки проект „Децата во акција за почиста средина“ во соработка со основни училишта. Преку проектот се направени образовни креативни работнилници и работилници за истражувачки процеси. |

| | | |
|---|---|---|
| | „Младински Образовен Форум“ | Во 2011-та година заедно со повеќе организации, МОФ е потписник на Платформа за младинска одржливост.<br>МОФ е исто така и автор на публикацијата „Еко дневник“ - млади активисти од клубовите Артивизам даваат насоки за критичко решавање на проблемите во заедницата, еко-симболи и објаснувања, страници за компост, страници за негување на растенија, 12 месечен дневник и еко-квиз.<br>Во соработка со ИКС во 2021-ва година,  реализирани се серија онлајн предавања за заштита на животната средина. |
| | „Младите можат“ | Иницијатор на „Social day“ - алатка која треба во наредните години да стане препознатлива за младите на национално ниво. Целта на „Social da y“ е да се воспостави солидарност помеѓу младите во текот на нивните училишни денови, да инспирира активно граѓанство и општествен развој предводен од млади, меѓу кои и активности поврзани со животна средина. |
| | „Полимат 13“ | Проект „Еко разиграна сликовница“ која што е наменета за деца до 8-годишна возраст.<br>Потоа и проект „Млади во климатска акција“ за млади на возраст од 13 до 17 години во општина Богданци, со цел да се подигне свеста за климатските промени. |
| | „Рурална коалиција“ | Создаден е Младински Рурален Клуб во кој членуваат младите од руралните средини. |

| | | |
|---|---|---|
| | „Тисовец“ | Организирани се таканаречени 'Еко- кампови', каде што учествуваат деца од Тиквешките села.<br>Заедно со Општина Кавадарци, Тисовец имаат реализирано и „Еко-квизови“, со цел основците преку натпревар да ги покажат своите знаења од областа на екологијата, но и генерално да се подигне свесноста на учениците за проблемите во животната средина. |
| | „ЦЕД" | Меѓу 2009-та и 2014-та година ја креираат програмата „Чиста животна средина - здрава иднина“. Оваа програма имаше за цел да ја подигне свесноста на жителите, и на младите и на возрасните, околу методите за заштита на животната средина, промоција и заштита на регионот на Шар Планина и неговата флора и фауна, како и промоција на еколошки свесен туризам во регионот на Шар Планина. |
| | „Центар за климатски промени“ | Проект „Енергија од отпад за одржлива иднина!“, чија што цел е да се постигне теоретско и практично образување, за да можат младите да се активираат во кампања за одржлив развој. |
| | „ЦеПроСАРД“ | Во 2018-та година има работено на зајакнување на образованието во средните технички училишта преку воведување образовни програми за целите за одржлив развој. Целни групи на проектот беа наставниот кадар и учениците од средните училишта со технички насоки (градежна, машинска и електротехничка) во Скопје, Гостивар, Тетово и Крива Паланка и локалните самоуправи, ГО кои работат во областа на одржливиот развој, како и наставниците и учениците од средните училишта во земјата. |

## МАПИРАЊЕ - ЛИСТА НА ОРГАНИЗАЦИИ И НИВНИ ДЕЈНОСТИ ВО ПОЛЕТО НА ЖИВОТНА СРЕДИНА, КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ, ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ, ОБРАЗОВАНИЕ И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

Во овој дел збирно се детектираат и мапираат граѓанските организации кои што во иднина можат да се вмрежат, соработуваат, обучат и зајакнат, со цел локално работење на интеграција на образование за животна средина и климатски промени во кое било ниво на образовниот систем.

Направени се и разговори со организации, детектирани и анализирани се нивните програмски и проектни активности. Методолошки се селектирани според целите, визиите и дејностите од интерес: животна средина, климатски промени, одржлив развој, образование и младински политики, со цел да се добие листа на организации која што во иднина би растела, би комуницирала меѓусебно со другите организации и би ги користела своите способности и капацитети во креирање на образовните цели.

За потребите на мапирањето се користени и се вкрстувани податоци од неколку регистри од Владата, од Град Скопје, „Агенција за млади и спорт“, „НМСМ“, „Рурална коалиција“, „Цивика“ и други.

## Карта на организации

(Организациите се прикажани по азбучен ред)



**„Ајде Македонија“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина**

Асоцијација за чиста животна средина.

„Ајде Македонија“ организираше и учествуваше во разни локални и национални акции за чистење на локалитети. Своевремено создаде и пилот систем за повторна употреба и донација на текстил, но и првиот систем за донација на храна во Северна Македонија. Асоцијацијата се фокусираше на темата „Отпадот од храна“ - образование и овозможување во граѓанскиот, приватниот и владиниот сектор за решавање на отпадот од храна, вклучително и тестирање на Програма за учење на услуги за отпад од храна со средношколци, застапување за законски измени за поддршка на донации со вишокот на храна, како и создавање мрежа за прераспределба на храна.

„Ајде Македонија“ во 2018-та беше иницијатор на платформата „Сите сити“, систем за донирање на вишокот храна, со оглед дека беше евидентирана бројка од 450.000 граѓани кои не можат финансиски да си ги дозволат сите оброци во денот.

**Контакт:**
078/259-614
kontakt@ajdemakedonija.mk
https://www.facebook.com/AjdeMakedonija/

**„Амброзија“ (Пехчево)**
**Дејност: Животна средина, Одржлив развој**

Здружението „Амброзија“ - Центар за лековити билки и шумски плодови, работи на полето на заштита на животната средина и одржлив развој. Организатор е на предавања за полесно следење на загаденоста на почвите. Има соработка со основни училишта во Пехчево за организирање на т.н.

'еко-настани', како дел од проектот „Младите и природата - партнери за иднината". „Амброзија" исто така спроведуваше и работилници за одржливо користење на природни ресурси, наменети за млади на возраст од 11 до 15 години.
Ги има реализирано проектите „Заедничка интегрирана политика за нискојаглеродна економија во прекуграничниот регион" и „Намалување на $CO_2$ и заштеда на финансии преку замена на фосилно гориво со обновлив извор во Предшколската установа во Пехчево".

**Контакт:**
centar.ambrozija@gmail.com
https://bit.ly/3x3CSoE

**„АРНО" (Скопје)**
**Дејности од интерес: Одржлив развој**

Напорите на Здружението за социјални иновации „АРНО" се насочени кон дизајнирање и имплементирање на нови пристапи за решавање на општествените предизвици. Според нив, клучот на иднината е одржливиот развој, па затоа тие размислуваат детално за сите работи што ги прават, односно, какво влијание истите имаат врз економијата, општеството и животната средина. Застапуваат етика, општествена одговорност и филантропија во бизнисите. Областите кои ги опфаќаат преку својата работа се филантропија, стручно образование, социјално претприемништво, социјални иновации, родова еднаквост, одржлив развој, образование, млади и зелена економија.

Препознатливи се по натпреварот „Зелени идеи" кој што го организираат секоја година, а помеѓу учесниците и победниците на „Зелените идеи" се и млади луѓе. Досегашните победници развиваат бизниси поврзани со отпад, рециклирање, органско производство, добивање пелети за отпад од био маса и слично.

Контакт:
077/855-832
contact@arno.org.mk
https://arno.org.mk/mk/

**„Арт Поинт – Гумно“ (Демир Хисар)**
**Дејности од интерес: Одржлив развој, Животна средина**

Меѓународен центар за уметност и одржлив развој.

Непрофитна организација сместена во селото Слоештица, Демир Хисар, во југозападниот дел на Северна Македонија. Активностите на „Арт Поинт – Гумно“ се фокусирани на уметностите, културата, грижа за животната средина и за локалниот економски развој на горно - демирхисарскиот регион.

Меѓу другото, има работено и соработувано на проекти за отпад, чистење на локалниот регион, но и со ученици од основните училишта за важноста на растенијата и биодиверзитетот.
Го спроведуваат проектот „Природата предупредува“ - за активности на заедницата околу заштита на биодиверзитетот.

Во 2019-та е креиран прирачник „За чист Демир Хисар – Ајде да компостираме!“, исто така и образовна боенка за деца и возрасни - „Чудесниот свет на компостирањето“.

**Контакт:**
070/221-694
071/334-799
047/271-636
artpoint@t-home.mk
https://artpoint-gumno.org.mk/

**„Ваке уп“ (Wake up) | (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина, Млади**

„Ваке уп“ (Wake up) е здружение креирано со цел да донесе позитивна промена во општеството и низ своите активности да допринесе луѓето да се посреќни и активно да работат на својот личен развој. Низ својата работа, „Ваке уп“ има за цел да ја подигне граѓанската свест во областа на екологијата, животната средина, хуманоста, енергијата и одржливиот развој. Се залага за креирање и реализација на настани кои ги развиваат еколошките, културните, образовните и спортските навики кај луѓето. Организацијата е составена од млади луѓе.

**Контакт:**
info@wakeup.mk
https://wakeup.mk
https://www.facebook.com/mkwakeup

**„Вила Зора“ (Велес)**
**Дејности од интерес: Животна средина**

Целокупните активности на ЕД „Вила Зора“ се во согласност со потребите на граѓаните и активистите на градот Велес во насока на заштита на неговата област.

Активностите се насочени во делот на образование, заштита и превентива на животната средина и решавање на еколошките проблеми кои се насобрани низ годините наназад. Со самото одминување на годините, оваа организација креираше голем број на образовани активисти и борци за здрава животна средина.

„Вила Зора“ работи со производители на храна (фармери), граѓани и млади луѓе од Општина Велес со цел образување и подигање на свесноста во областа на животната средина. Исто така,

реализира проекти и акции поврзани со чиста животна средина, фиторемедијација на загадени почви, но и акции и со училишта, вело-родео и слично.

Организацијата беше еден од предводниците за затворање на Топилницата во Велес.

**Контакт:**
071/264-199
070/606-069
043/233-023
vilazora@t-home.mk
http://www.vilazora.org.mk/

**„Волонтерски Центар Скопје“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Млади**

„Волонтерски Центар Скопје“ е невладина младинска организација формирана во 2005-та година од поранешни ЕВС волонтери. Главната цел на организацијата е да им овозможи неформално образование на младите луѓе во различни области, на локално и интернационално ниво. Целта е да се промовира идејата за волонтерството и да се поврзат младите луѓе без оглед на нивната националност, религија, политички, економски или социјален статус.

Волонтерски Центар вложува напори за развој на мултикултурно граѓанско општество, зајакнување на постоечката демократска структура, подобрување на афирмацијата кај младите преку нивните индивидуални способности и вештини со цел младинско поврзување за нивна поголема соработка.

Преку младинскиот проект „Европските млади во првите редови на активното граѓанство: Патоказ кон колективен југо-северно-источен-западен моментум“, произлезе платформата „За почиста Македонија“. Ова еко-движење започна акции за чистење на планини и излетнички места како Којзак

и Водно, за потоа да се фокусира и на градовите. Исто така, преку проектот беше создадена и иницијативата KavInAction, преку која се садеа дрвја во околината на Кавадарци и се чистеше дел од Тиквешкото езеро.

**Контакт:**
02/2772-095
vcs_contact@yahoo.com
https://vcs.org.mk/

**„Геосфера“ (Битола)**
**Дејности од интерес: Животна средина, Образование**

Регионално географско друштво.

Тие се организатори на повеќе едукативни работилници, обуки и воннаставни активности во областа на географијата, но и генерално во полето на животната средина. Сите активности што ги имаат имплементирано се со ученици од основните училишта, бидејќи најголем дел од членовите на здружението се наставници по географија во основните училишта.

Неодамна, „Геосфера“ спроведува проекти како „Разбудете ја ЕКО-СВЕСТА во себе“, кој што опфаќа анкетирање на ученици, организирање на предавања и работилници, детектирање на депонии, картирање на зелени површини, и креирање предлог решенија за зголемување на еко-свеста кај населението.

„Геосфера“ има организирано и еко-акции, но исто така, ја спроведуваше и образовната игра „Монопол на животната средина“, која опфаќа теми како загадување на воздухот и водата, пренаселеност, уништување на шумите, озонсфера, глобално затоплување и слично.

**Контакт:**
rgdgeosfera@yahoo.com
https://geosfera.weebly.com/

**„Гоу Грин“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Млади, Образование, Климатски промени**

„Гоу Грин“ е меѓународна младинска еколошка организација која овозможува образование за климатски промени и презема акција за нивно ублажување и прилагодување. Стратешките приоритети и цели на организацијата имаат за цел да ја развијат свеста на младите, за и тие да бидат двигатели на промени. Главен фокус се средношколците, а имаат работено и со основци.

Огранизацијата е официјално регистрирана во 2010-та година, а паралелно се одвиваше и процесот на основање на „Гоу Грин“ во Белгија.

Здружението „Гоу Грин“ започнува со образовната кампања „Биди зелен“. Меѓу младите станува претпознатлива по своите средношколски клубови „Биди зелен“ - мрежа низ цела Македонија, поточно Скопје, Гостивар, Тетово, Кичево, Прилеп, Битола и Куманово. Тимот на „Биди зелен“ го презеде раководењето на списанието „Екологија“, кое се дистрибуираше бесплатно за средношколците во Македонија. Преку програмата „Направи сам“, средношколците беа ментори на основци, и тоа на тема 'одржлива населба'.

„Гоу Грин“ во 2016-та изготвува две академски книги - „Климатски промени и обновливи извори на енергија“ и „Пречистување отпадни води“, кои се изучуваат на Машинскиот факултет во Скопје и на Техничкиот факултет во Битола. Во 2017-та е изработена Програми за слободни часови, на тема Клима и енергетска ефикасност, а ова се материјали кои се влезени во формалното образование и се користат од страна на наставниците во средните стручни училишта (електро, машински, градежно).

Организацијата издаде и Прирачник за младинско учество за еколошки промени во средните училишта, но и Прирачник за пресметка на јаглеродниот отпечаток на училиштата. „Гоу Грин“ во 2020-та година е автор на истражувањето „Застапеност на образованието за климатски промени во деветгодишното основно образование во Република Северна Македонија“. Документот е основа за нивно барање за воведување образование за климатски промени во формалното образование. Организацијата во 2021-ва година работеше и на дигитална образовна платформа каде што би се вметнале видеа, дигитални вежби и анкети.

**Контакт:**
075/757 566
info@bidizelen.org
https://www.bidizelen.org/en/home/
https://www.facebook.com/gogreenbidizelen/

**„Го сакам Водно“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина**

Организацијата е фокусирана на борбата за спас на Водно, но повремено е вклучена и во здружени граѓански иницијативи за промена на регулативи поврзани со животната средина. „Го сакам Водно“ учествува и во работни групи за нови закони и студии, образовни кампањи за одржлив развој и интегрирана заштита на парк-шумата Водно.

Соработуваат и со повеќе експерти во полето на животната средина и климатските прашања.

**Контакт:**
075/423-242
075/223-305
dagospasimevodno@gmail.com
https://www.facebook.com/GoSakamVodno

**„Грин орг“ (Кочани)**
**Дејности од интерес: Животна средина**

„Грин орг“ е граѓанска организација која предводи иницијатива и учествува во градење на јавно мислење и креирање на политики во областа на екологијата. Се залагаат и за решавање на општествените предизвици во областа на екологијата, но и промовираат, информираат и реализираат активности за унапредување на екологијата.

Исто така, тие се дел од еколошкиот одбор „Со срце за Кочани“, заедно со повеќе здруженија. Во состав на одборот, „Грин орг“ поттикна иницијатива против аерозагадувањето и изградба на мини-хидроцентрала. „Грин орг“ исто така има учествувано и во локални, теренски, еколошки и хуманитарни акции.

„Грин орг“ реализираше кампања за Ден без автомобили, со цел да придонесе за помало загадување на воздухот, но и намалување на сообраќајниот хаос низ улиците во Кочани.

**Контакт:**
078/209-289
green.org@yahoo.com
https://www.facebook.com/nevladinaorganizacijagreen/

**„Движење на екологистите на Македонија“**
**Дејности од интерес: Животна средина, Одржлив развој**

„Движење на Екологистите на Македонија“ (ДЕМ) е невладино, непрофитабилно и аполитично здружение. Се работи за национално здружение од 23 локални еколошки невладини организации како редовни членови. Целта на ДЕМ е да се подигне јавната свест за заштитата на животната средина, одржлив развој и заштита на природата.

Активистите на ДЕМ организираат различни видови на активности како на пример: лобирање, организирање на јавни кампањи, тркалезни маси на конкретни теми во врска со животната средина, разговори со експерти, јавни средби за локалните проблеми, секаков тип на директни акции, протести, објавување на летоци, брошури, постери, билтени, обуки, работилници, предавања во основните и средните училишта и друго. Спроведуваат и проекти како „Да зборуваме за климатски промени“ и „Промовирање на земјоделството со високи природни вредности и агро-еколошка наплата преку граѓанските организации во Македонија“. Своевремено ДЕМ е дел од проектите како „Мобилизирање на дијалогот - Еколошко образование на дело“ и „Повик за спас на климатските промени“.

Исто така, има спроведувано и кампања „Зелена и чиста Македонија“.

**Контакт:**
078 935 996
dem@dem.org.mk
https://dem.mk/

**„Движење за околината Молика – ДОМ“ (Битола)**
**Дејност: Животна средина, Образование**

Група на ентузијасти кои повеќе од 30 години имаат отворен и широк дијалог со сите релевантни носители и засегнати страни кои делуваат на полето на екологијата и заштитата на животната средина. „Движењето за околината Молика ДОМ“ Битола, има за цел да ја заштити, зачува и подобри животната средина за сегашните и идните генерации, како и да го подобри квалитетот на животот на заедниците на локално и регионално ниво.

Во 2019-та во основото училиште „Ѓорѓи Сугарев“ има одржано едукативни работилници на теми „Климатските промени – наша реалност„ и „Заштити ги пчелите, спаси ја својата иднина“.
Молика ДОМ го реализира и проектот „Жалфија – лек за век“, со цел да се мотивира младата популација во двата региони - Пелагонискиот и Малешевскиот регион да започне со одгледување на жалфијата. Исто така, го имплементира и „Иднина за климата - одлучи и дејствувај“, како дел од проектот „Да зборуваме за климатски промени“.

**Контакт:**
072/252-441
molika@t.mk
https://molika.mk/

**„Добра земја“ (Скопје)**

Наша Добра Земја е првата заедница на потрошувачи во Северна Македонија. Основачите на заедницата се засегнати за општествените процеси во земјата, нивното влијание врз здравјето на луѓето, растурањето на локалните заедници и сузбивањето на локалните иницијативи. Како главен 'чадор' елемент им преставува загадувањето и несвесното (неразумно) користење на природните ресурси и нивно бескрајно загадување.

Со своите активности се занимаваат со суверенитет во исхраната – односно кој модел обезбедува здрави локални заедници врз основа на меѓусебна поврзаност и доверба преку заштита на природата, но и со градинарење и сопствено производство на храна, како и со рециклирање и реупотреба на материјали.

Наша Добра Земја има објавено „Брошура за пермакултурни алатки за одржливо живеење“ и „Стандард за производство на храна на Наша добра земја“. Во 2016-та и 2017-та година, заедно со поддршка на МЕД, реализираат и обуки за ширење на свесноста за органско и пермакултурно производство на храна и севкупно живеење, кое што резултира со органски градини во четири улилишта.

**Контакт:**
071/863-089
info@dobrazemja.org
https://dobrazemja.org/mk/

**„ЕДЕН“ (Скопје)**
**Дејност: Здружение за заштита на животни и животна средина.**

Непрофитната организација „ЕДЕН“ се залага за еднаквост, достоинство, емпатија и натурализам. Здружението следи и анализира регулативи поврзани со животната средина и климатски проблематики, а дел е и од здружени граѓански иницијативи за промена на закони што ги опфаќаатт овие прашања.

„ЕДЕН“ е дел од платформата „МојГрад“.

**Контакт:**
eden.org.mk@gmail.com
http://www.eden.org.mk/
https://www.facebook.com/EDENEcoProtect

**"ЕдуАктив" (Скопје)**
**Дејност: Животна средина, Образование**

Ова здружение е формирано во 2021-ва година кое што се фокусира на еколошко образование и директна акција. Целта е да помогнат во создавање на образовани, одговорни и свесни граѓани, кои што ја сакаат природата и помагаат за нејзино зачувување, но и за подобрување на животот на сите живи битија.

„ЕдуАктив" е дел од платформата „МојГрад".

**Контакт:**
075/998-025
eduaktiv.ngo@gmail.com

**„Еквалис" (Скопје)**
**Дејности од интерес: Образование**

Здружение за образовен развој.

„Еквалис" е организација која работи на вмрежување на граѓаните во платформи за социјален развој, креира образовни платформи и овозможува простор за еднаков пристап до образование за лица со диверзитетна позадина, активно работат во областа на развој и унапредување на

човековите права, креирање на политики и креирање на услови за одржлив развој преку екомонска, социјална и политичка перспектива.
Визијата на „Еквалис" е да изгради заедница каде граѓаните ќе бидат образовани,и ќе ги преиспитуваат и менуваат социјалните процеси за индивидуално и општо добро.
Активизмот е едно од главните стратешки полиња на работа на „Еквалис". Меѓу другото, заедно и со други организации како партнери, „Еквалис" го реализира проектот „Младински пакети и ангажираност преку младински кампањи".

Имаат и реализирано меѓународна младинска размена - „Позитивни лидери за промени во екологијата", на теми поврзани со нула отпад, глобално затоплување и екологија. „Еквалис" во 2021-ва година предложи Програма за служење во заедницата до МОН. Идејата е да се поттикнат средношколците за општествено корисна работа преку ментори, низ 10 часа служба на заедницата, и тоа преку формалниот систем.

**Контакт:**
071/330-266
077/885-628
info@ekvalis.org.mk
https://ekvalis.org.mk/

**„ЕКОВИТА" (Неготино)**
**Дејности од интерес: Животна средина**

Здружение за заштита и одржливо користење на животната средина.

Вклучени се во проекти како „Млади лидери за справување со Инвазивните инсекти климатските промени во Тиквешкиот регион" каде работат со млади агрономи. Меѓу другото, преку „Ублажување на ефектот на урбани топлински острови", работат на обуки на млади еко-активисти,

поттикнување на младите за иновативни мерки, производство на садници од автохтони видови и организирање на еколошки акции за садење на дрвја.

Исто така, имаат имплементирано и проекти како на пример: „Фиторемедијација во школо“ наменето за основни училишта и „Еко градина“, со цел зголемување на образованието кај учениците преку еколошко уредување на училишниот двор во селото Долни Дисан.

**Контакт:**
070/684-036
ekovita@hotmail.com
www.ekovita.mk
www.ekovita.blogspot.com

**„ЕКОЗВОН“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина, Образование**

Делување во сфера на информации, образование и култура.

Цели на здружението се: заштита на животната средина и биодиверзитетот, промовирање на екологијата како наука, ширење на еколошки знаења и унапредување на еколошкото образование, но исто така и влијание врз планирањето на урбаните средини од еколошки аспект, пред се' во град Скопје, општина Гази Баба.

Исто така, работат и на залагање за заштита на животните, зачувување и унапредување на статусот на парк-шума Гази Баба, но и следење на меѓународната и домашната еколошка регулатива и залагање за нивно синхронизирање.

„ЕКОЗВОН“ има реализирано образовни работилници на тема „Здрава планета – здрав живот“.

**Контакт:**
070/268-889
ekozvonce@yahoo.com

**„Еко долина“ (Ново Село)**
**Дејности од интерес: Животна средина**

„Еко долина“ се независно и демократско еколошко здружение од општина Ново Село, и е отворено за сите нерамнодушни и еколошки освестени граѓани. Активно работат за подигнување на еколошката свесност на локалното население во изминативе години.

**Контакт:**
071/271-062
ekodolinans@hotmail.com
https://www.facebook.com/ekodolinanovoselo/

**„Еко герила“ (Тетово)**
**Дејности од интерес: Животна средина**

Еколошко здружение - движење од градот Тетово.

Тетово беше еден од најзагадените градови во Европа и таму нивото на аерозагадувањето се зголеми за 20 пати повеќе над европските граници. Со цел да се промени оваа состојба, создадено е движењето „Еко герила“ и од тогаш организираа низа активности, на пример: масовни протести, рекламни кампањи и интензивно лобирање во меѓународни организации.

„Еко герила“ низ годините има соработка со разни еколошки организации и иницијативи во Тетово,

но и на ниво на цела држава. Работи и на различни еколошки и климатски проекти, меѓу кои „Полог против климатските промени“, како и на проект за утврдување на присутност на штетните метали во почвите во Велес, Тетово, Кавадарци и Скопје.

**Контакт:**
072/763-660
ecoguerilla.te@gmail.com
arianit@ecoguerilla.mk
http://ecoguerilla.mk/
https://www.facebook.com/ecoguerilla.mk/

**„Еко-Живот“ (Кавадарци)**
**Дејности од интерес: Животна средина**

„Еко-Живот е формирана во 2010-та година како резултат на недостатокот на активни еколошки организации кои што активно ќе работат на намалување на загаденоста во Тиквешкиот регион, зачувување и подобрување на животната средина, како и на подигнување на јавната свест преку граѓански иницијативи, образование и теренски практики.

Преку проектот „Произведи-употреби-рециклирај-повторно употреби“, „Еко-Живот“ имаше за цел да ја подигне еколошката свест и културата кај населението за унапредување со отпадот, со акцент на отпадот од хартии и пластика, во насока на циркуларен модел на економијата, како и да направи мапирања и дефинирани пракси за собирање и управување со отпадот во Општина Кавадарци и регионот.

Исто така, преку „Отпадот се селектира, па се рециклира“, целеа кон рециклирање, односно преработка на продуктите како процес, при што тие служат како суровини за производство на нови продукти. „Еко-живот“ нуди и консултации од областа на животната средина.

Исто така, имаат соработувано и со „Движење на екологисти на Македонија“, „Вила Зора“, „ОРТ“, „РЕЦ“, „ФОЕ“, „Балкански Мостови“ и други.

**Контакт:**
071/471-125
ekozivot@yahoo.com
http://www.eko-zivot.org.mk/

**„Еко Логик“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина, Климатски промени, Одржлив развој, Образование**

Здружението на граѓани „Еко Логик“ е организација која делува во насока на заштита и унапредување на животната средина, промовирање на современи еколошки практики, како и следење и промовирање на принципот на одржливост.

Организацијата има искуство во работа поврзана со деца, млади и возрасни, фокусирајќи се и на активности за неформално образование. „Еко Логик“ има мрежа за соработка со повеќе од 150 основни училишта и повеќе од 30 средни училишта низ Северна Македонија.

Во голем дел од своето постоење, „Еко Логик“ се фокусира на основното образование, а подоцна се проширува и на активности за градинки и средни училишта. Основана во 2011-та година, „Еко Логик“ најпрво продуцира серија публикации „Заштитници на Планетата“, а потоа во 2014-та година, организацијата се проширува на ниво на цела Северна Македонија. Во овој период, пропратно се случуваат и поинтензивни обуки за наставници, со цел темите да бидат пренесувани и обработувани во иднина. Истата 2014-та година, во основното училиште „J.Х. Песталоци“, Скопје, е организирано првото „Вело родео“ - настан на кој што се промовираат здрави навики, одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот - преку призма на велосипедизмот. „Вело родео“ трае и ден-денес, како дел од програмата „Вело училишта“ - оформена како резултат на организирањето

на овие настани.

Организацијата понатаму продолжува со образование врз основа на игри. Образовните игри се користат за наставни, но и воннаставни активности во нивната мрежа на училишта низ Северна Македонија. „Еко Логик“ во работата со средните училишта се потпира на темата одржлив развој. Работи и на Еразмус проекти поврзани со темите животна средина, климатски промени, но и проекти кои се фокусираат на целите за одржлив развој, преку кои што запознава и соработува со организации во полето на животната средина и климатските промени. Како дел од овие проекти во кои учествува „Еко Логик“, се креираат и развиваат интернационални ресурси и наставни програми за основни и средни училишта.
Исто така, „Еко Логик“ има реализирано работилници и обуки во градинки, со намера да продолжи понатаму и со материјали за предучилишните установи.

**Контакт:**
078/365-902
ecologic.mk@gmail.com
veloschools.ecologic@gmail.com
http://www.ecologic.mk/
https://veloschools.mk/

**„Еко-правда“ (Валандово)**
**Дејности од интерес: Животна средина**

„Еко-правда“ е организација која што учествува во процесите на донесување одлуки и политики за прашања поврзани со животната средина. Тие се и дел од „Коалиција на иднината“, со повеќе организации во полето на заштита на животната средина и климатските промени. Во 2020-та година ја издаваат брошурата „Алатки и практики за следење и влијаење на климатските политики на локално, национално и меѓународно ниво“, како дел од проектот „Климатски набљудувач - COP25

Watch“.

**Контакт:**

ecojusticemk@gmail.com

https://www.facebook.com/ekopravda/

**„Еко-свест“ (Скопје)**

**Дејности од интерес: Животна средина, Одржлив развој, Климатски промени**

Центар за истражување и информирање за животната средина.

Центарот постои со цел да внесе промени во навиките на граѓаните, да ја следи имплементацијата на легислативата, да лобира, да информира за состојбите на животната средина, да застапува и да промовира авангардни ставови кои водат кон одржлив развој.

„Еко-свест“ работи во полето на енергијата и транспортот, и исто така прави поврзаност помеѓу човековото здравје и животната средина. Во сите овие области делува преку свои проекти, кампањи и активности, насочени кон информирање на јавноста, подигнување на јавната свест за животната средина, но и за потребите таа да се зачува, истовремено вклучувајќи ги граѓаните во своите активности. Меѓу нивните изданија се оние за влијанието на хидро проектите врз природата, за декарбонизација, анализи за прилагоденост кон климатски промени, совпаѓање со Поглавје 27 и Националниот план за намалување на емисии.

Со цел доближување на природата до децата и поттикнување за еколошки избори на енергија, креирана е и сликовницата „Јагленко“. Во соработка со „Макстрипови“ е направен стрипот „Тим ЕКО“, со цел да се нагласи борбата против јагленот. „Еко-свест“ е и автор на прирачниците „Екосистеми“ и „Енергија и извори на енергија“, креирани за ученици од четврто до деветто одделение.
Ана Чоловиќ Лешоска, извршната директорка на „Еко-свест“, во 2019-та година ја доби

меѓународната награда „Goldman“ како признание за седумгодишната кампања за стопирање на меѓународното финансирање за Бошков мост и Луково поле - две големи хидроцентрали планирани во Националниот парк „Маврово“.

**Контакт:**
072/726-104
02/3217-247
info@ekosvest.com.mk
https://www.facebook.com/Eko.Svest.MK/
http://eko-svest.ekosfera.mk/

**„ЕКО ТИМ ИСТОК“ (Кочани)**
**Дејности од интерес: Животна средина, Одржлив развој**

Здружението за екологија и заштита на животната средина „Еко Тим Исток“ е основано на 20.05.2012 година и во овој период на своето делување има 20 активни членови, како и голем број на волонтери кои се вклучуваат во тематски акции.

Основните цели на организацијата се заштита и унапредување на животната средина во согласност со принципите за одржлив развој и образување на граѓаните и децата, со што придонесуваат за јакнење и формирање на еколошка свест.

Исто така, тие работат и на проекти како „Селектирај пластичен земјоделски отпад“, „Да зборуваме за климатски промени“, „Паметни канти“ и „Воспоставување на функционален локален систем за управување и правилно постапување со отпадното ПЕТ пакување во Кочани“.

**Контакт:**
071/272-024
ekotim_istok@yahoo.com
www.ekotimistok.mk

**„ЕУРОМОБИЛНОСТ“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина, Одржлив развој**

Основна цел на „ЕУРОМОБИЛНОСТ“ од Скопје е застапување и лобирање за унапредување на транспортната легислатива, подигнување на јавната свест и информираноста во делот на мобилноста и одржливиот транспорт, но и потврдување на правата на патниците, заштита на животната средина, како и подобрување на безбедноста во сообраќајот.

„ЕУРОМОБИЛНОСТ“ промовира, информира и реализира активности за подобрување на безбедноста во сообраќајот, како и подигнување на свеста во патувачкиот свет, и тоа во поглед на нивните права и задолженија при патувањето.

**Контакт:**
070/250-036
m_krsto@t.mk
https://euromobilnost.com/ngo/

**„Здравец 2002“ (Македонска Каменица)**
**Дејности од интерес: Животна средина, Климатски промени**

Формирано во 2002-ва година, Еколошкото друштво „Здравец 2002“ дејствува на територијата на општина Македонска Каменица и се залага за: заштита на животната средина, градење на правилен однос на човекот кон својата околина и природна средина, и образование и јакнење на јавната свест. Има работено

и на проекти за поставување корпи за отпадоци за селективен отпад, на поставување информативни табли преку проектот „Заштита на биодиверзитетот на Осоговските Планини кон врвовите Руен и Царев Врв“, но и на проекти за чистење на Калиманско Езеро од пластика. Заедно со ученици од средното училиште од Македонска каменица исто така се реализирани и таканаречени 'еко-патроли'.

Потоа, преку проектот „Младите екологисти иднина на Македонска Каменица“ заедно со ученици од шесто и седмо одделение од СОУ „Кирил и Методиј“ беа поставувани и клупи.
Во 2021-ва година, организираа и обука „Градење на капацитетите на засегнатите страни на ублажување на ефектите од климатските промени и интегрирање на концептот на екосистемските услуги во локалното планирање и управување“.

**Контакт:**
078/485-132
https://zdravec2002.org.mk/
https://www.facebook.com/Ekolosko-drustvo-Zdravec-2002-446773889469452/

**„Здрава котлина“ (Струмица)**
**Дејности од интерес: Животна средина**

Непрофитното граѓанско здружение „Здрава котлина“ има главна цел заштита на струмичката котлина од страна на какви било активности и дејствија, кои што директно или индиректно ја загрозуваат флората, фауната и населението. Фокусирани се главно на активности против рудниците, но организираат и акции за покренување на свеста на различни генерации граѓани за состојбите во животната средина.

**Контакт:**
077/652-682
info@zdravakotlina.mk
http://zdravakotlina.mk/
https://www.facebook.com/zdravakotlina/

**„Здружение на студенти на Шумарски факултет – ДРЕН“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина, образование**

„ДРЕН“ е невладина, неполитичка, непрофитабилна и независна студентска организација. Нивната главна мисија е мобилизација и мотивација на студентите на Шумарскиот факултет за успешен развој и подобрување на нивното професионално искуство и знаење. Покрај тоа, „ДРЕН“ има и благородна задача - дистрибуција на информации поврзани со шумарството и животната средина до студентите на Шумарскиот факултет.

„ДРЕН“ е член на ИФСА (Меѓународна асоцијација на студенти по шумарство). Дел од нивната визија е и организирање на експертни состаноци, јавни дебати, семинари, работилници, научни теренски екскурзии и слично.

**Контакт:**
dren@sf.ukim.edu.mk
https://dren2017.wordpress.com/

**„Зелената арка“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина**

Здружението е основано во 2007-ма година, и оттогаш во согласност со принципите и филозофијата на пермакултурата, активно делува во практикување и промовирање на обновливиот развој и заштитата на животната средина. „Зелената Арка“ ги поддржува сите иницијативи кои промовираат мир, соработка и толеранција меѓу луѓето. Исто така, цели кон општествени промени за градење обновливи и холистички врски меѓу луѓето и природата.

Меѓу проектните активности е и проектот „ЕКО-ПАРК“, заснован на принципите на пермакултурниот

дизајн, наменет за граѓаните од општината Карпош. Потоа, има и публикација на брошура со наслов „Градба со сламени бали", во 2012-та година, а исто така креирале и одржувале показна едукативна градина за децата во социјалниот центар „Надеж" во Шуто Оризари, од 2013-та до 2015-та година. Понатаму, редовно одржување обуки за децата, доброволците и персоналот од областа на пермакултурниот дизајн.

Во 2021-ва година, со поддршка од Град Скопје, ја промовира општествената градина „Бостание" во скопската населба Ново Лисиче. Градината претставува придонес кон остварувањето на концептот за отпорен град, односно за приспособување кон климатските промени и зајакнување на урбаната отпорност на Скопје.

**Контакт:**
thegreenark@gmail.com
http://zelenataarka.tk/

**„Зелен Институт" (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина**

Организација која што нуди еколошко одржливи концепти за проблемите во животната средина, и тоа во повеќе области: клима, загадување, отпад, рударство и урбанизам. „Зелен Институт" инсистира на зелена економија со обновлива енергија, паметни градови, органска храна и еко туризам.
Исто така се залагаат и за борба против корупција во екологијата, со јакнење и граѓанска контрола на инспекторатите за животна средина и други институции. „Зелен Институт" е вклучен и во домашни и меѓународни еколошки проекти. Нивната идеја за „Граѓански Инспекциски Совет" (ГИС) стана дел од кампањата на Алијансата за застапување и лобирање „Разбристри се", каде што се приклучени повеќе од 20 граѓански организации и високообразовни институции.

**Контакт:**
078/288 238
https://www.greeninstitute.mk
https://www.facebook.com/zeleninstitut/

**„ЗЕОООП“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Образование, Животна средина**

„ЗЕОООП - Здружение за значењето на еколошкото образование во осовременување на образовниот процес“.

Примарно, тие работат на подготовка за предлог проекти со имплементација во образовниот систем. „ЗЕОООП“ го спроведе проектот „Животната средина те менува – набљудувај, проучувај, истражувај”, со цел образување на наставници за предизвикот со еколошкото образование. Преку овој проект, наставниците од целното училиште се стекнуваат со подобрени капацитети за застапување и мобилизација за прашања во врска со климатските промени, потребното знаење за поимот и проблемите со климатските промени, како и практични вештини кои се пренесени на учениците преку активности.

**Контакт:**
070/941-582
zdrzeooopsk@gmail.com
https://www.facebook.com/Detskologija-867729756578722/

**„ЗМАИ“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Млади, Образование**

Мисијата на Здружението е да го поттикне истражувачкиот дух кај младите луѓе во Северна Македонија со тоа што ќе се спроведат научни истражувања кои што ќе бидат разбирливи за пошироката јавност, а истовремено ќе обезбедат вредни ресурси на истражувачката заедница во земјата.

Генерално, „ЗМАИ“ покрива 5 главни категории: добро управување и јавни финансии, финансиска и медиумска писменост, образование, инвестиции и стартап академија. Поддршката на реформите во основното образование беше еден од нивните клучни столбови, затоа и се фокусираа на обезбедување алатки и застапување за модернизација и правичен развој на образовните процеси и можности низ целата земја.

„ЗМАИ“ има направено „Студија на изводливост за трансформациониот потенцијал на специфични био-отпадни продукти“.

**Контакт:**
02/3105-920
contact@zmai.mk
https://zmai.mk/

**„ИЗВОР“ (Кратово)**
**Дејности од интерес: Животна средина, Одржлив развој**

Здружение за заштита на животната средина, културно - историските знаменитости и човековото здравје.

Ова здружение реализира проекти како „Подобрување на управувањето со заштитените подрачја" и „Одржливо управување, заштита и промоција на Споменикот на природата - Куклица".

**Контакт:**
078 464 401
031/481-289
izvorkratovo@yahoo.com
http://www.izvor.eu.mk/

**„Интерактивна мрежа за образование и ресурси – ИМОР" (Битола)**
**Дејности од интерес: Образование, Животна средина**

„ИМОР" е организација за подготовка на младиот човек во духот на меѓукултурно разбирање и соработка, граѓанско општество и демократија, како и развој на позитивно опкружување во кое ќе се почитуваат правата на маргинализираните, дискриминираните и ранливите лица, семејства и ризичните групи, но и ќе се обезбедува поддршка при нивна интеграција во општеството.

Тие работат пред се на теми за млади, граѓанско општество, образование, меѓуетничко разбирање, човекови права, екологија, меѓународна соработка, учење и ценење за различни култури, проектна работа, истражувачка работа, култура и уметност, маргинализираност, сиромашни заедници, социјална инклузија, полова еднаквост и семејно насилство.

„ИМОР" од 2012-та година има подружница и во Скопје. Меѓу дел од нивните проекти е еколошкиот „Чиста вода за здрав свет", кој што вклучува образовни работилници во основните училишта во Општина Карпош, но и изработка на постери/плакати на тема „Секоја капка чини".

Реализатор е и на еколошкиот проект „Децата во акција за почиста средина", заедно со основни

училишта. Преку проектот се направени образовни креативни работнилници и работилници за истражувачки процеси.

**Контакт:**
070/307-723
imor@imor.org.mk

**„Институт за комуникациски студии“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Образование, Животна средина**

Непрофитен научно-истражувачки институт кој што нуди магистерски студии. Исто така, Институот за комуникациски студии (ИКС) изминативе години преку програми, проекти и јавни кампањи креираше различни производи со намена за образование за животна средина и климатски промени за деца од најмала возраст, но и тие од основно и средно образование, како и повозрасни граѓани.

Преку кампањата „Не игнорирај! Реагирај“ е направен прирачникот „Изладете ја климата“, кој што содржи планови за лекции за климатски промени, наменети за ученици од прво до петто одделение. Исто така, преку виртуелната „Библиотека“ има повеќе онлајн материјали, стрипови и прирачници во контекст на поттикнување креативни и интересни идеи за позелена иднина.

Преку „Реагирај! Не игнорирај!“, во подкампањата за климатски промени, ИКС направи и постери наменети за средношкоците, под наслов „Биолошката разновидност и климатските промени“.
Во 2020-та година, Институтот го започна проектот „Локална акција за подобри политики за заштита на животната средина“, а потоа, заедно со Македонското еколошко друштво, обучуваат еко-активисти и средношколци од Пелагонија, Охрид, Струмица, Тиквеш, Демир Капија и Преспа околу тоа како да иницираат и претставаат одреден проблем во нивниот регион, а во чие решавање ќе ги вклучат и граѓаните и институциите. Проектот предвидува и изработка на онлајн образовни ресурси, обуки, еко-камп, теренски истражувања. Преку проектот е направено и истражувањето

„Локални приоритети за заштита на животната средина во регионите со заштитени подрачја".
Сите слободни ресурси на „ИКС", наменети и за средношколци и наставници, се вклучени и преку платформата „Дигитакт" (Digitakt), база на податоци што поврзува категории како животна средина и активизам. Исто така, „ИКС" ја има образовната еколошка платформа „Дома", наменета за различна целна публика, а вклучува и образовни документарни филмови. Меѓу другото, Институтот го спроведува и проектот „Еко училница", преку платформата „Дома" со цел развивање на еколошкото образование, а тука се објавуваат кратки визуелни еколошки материјали.

**Контакт:**
02/3090-004
info@iks.edu.mk
https://iks.edu.mk/
https://doma.edu.mk

**„ИНТЕРАКТИВ" (Битола)**
**Дејности од интерес: Млади, Образование**
**Здружение за меѓународна младинска соработка.**

Целта на „Интерактив"е да развива активности и можности за младите во сферата на неформалното образование, промовирање на здрави животни навики, култура и уметност, како и во граѓанското општество – сите активности кои ги поттикнуваат позитивните вредности кај младите луѓе.
Нивните цели се придонес кон спроведување на целите за одржлив развој на ОН на локално, национално и меѓународно ниво преку поттикнување на учеството на младите на национално, регионално и меѓународно ниво, учество на младите во процесите на европска интеграција и креирање на заедничка европска визија, учество на младите во активности за промоција на култура и толеранција, ненасилство, мир и меѓународно разбирање.

**Контакт:**
075/681-168
interaktivbitola@gmail.com
https://www.facebook.com/interaktivbitola/

**„Истражувачко друштво на студенти биолози - (ИДСБ)“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина, Образование**

„Истражувачко друштво на студенти биолози (ИДСБ)“ е младинска истражувачка организација, која што се занимава со образување на студентите и членовите во областа на биологијата, како и истражување и изучување на биодиверзитетот во Република Северна Македонија.

Формирано во 1995-та година од некогашните студенти и демонстратори, а сегашни професори и асистенти на Природно-математичкиот факултет - Скопје, „ИДСБ“ сега претставува единствено младинско-истражувачко друштво во државата, а и влегува меѓу најстарите младински организации во Северна Македонија, функционирајќи во континуитет. „ИДСБ“ е структурирано по секции односно во групи во друштвото, кои што се занимаваат со истражување на одредена таксономска група. Во друштвото фунцкионираат околу 15 секции, постојано или по потреба, кои внатрешно се структуирани со ментори и раководители.

„ИДСБ“ своите активности ги дели во три области: едукација на членството во однос на применета биологија и екологија, организирање на теренски активности и обуки, и дејности/активности со публикации.

**Контакт:**
idsbiolozi@gmail.com
info@idsbiolozi.com
https://idsbiolozi.com/

## „Истражувачко друштво Урсус Спелеос (ИДУС)“ (Скопје)
## Дејности од интерес: Животна средина

Истражувачкото друштво „Урсус Спелеос” – Скопје (ИДУС)“ е невладина организација формирана во 2001-ва година. Нејзината основна дејност е спелеологијата како интердисциплинарна наука, како и преземање на активности за грижа, унапредување и одржување на животната средина, поттикнување на иницијативи и активности кои придонесуваат за заштита, одржување и унапредување на животната средина, со посебен акцент на карстните подрачја.
„ИДУС“ е член на Балканската спелеолошка унија, а воедно има организирано повеќе спелеолошки табори, не само за спелеолози од Северна Македонија, туку и за спелеолози од целиот Балкан. „ИДУС“ има и тесна соработка со поголем број на владини и невладини организации, како на пример: Министерство за животна средина и просторно планирање, Природно математички факултет (Институт за биологија, Институт за географија, Институт за хемија), Центар за управување со кризи, ЈПУЗПП “Јасен”, Македонско еколошко друштво, Еколошко друштво „Треска” и други.
Со наведените институции, „ИДУС“ има остварено повеќе активности, како на пример: објавување на стручни трудови, истражување на спелеолошки објекти, промоција на алтернативен туризам, подготовка и реализација на проекти и слично.

Како резултат на специфичната проблематика со која се занимава „ИДУС“ и квалитетниот експертски тим, членовите на „ИДУС“ се активно вклучени во активности поврзани со подготвување на релевантни извештаи и студии поврзани со оцена за влијанието на човекот врз животната средина, оцена за стратешко влијание, анализи на заштитени подрачја, анализи поврзани со спелеологија и други.

**Контакт:**
078/409-005
contact.ursusspeleos@gmail.com
https://ursusspeleos.org.mk/

**„Истражувачко здружение на студенти географи – Природник“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина, Образование**

Здружението има за цел да ја издигне географијата како наука и да ги вклучи студентите географи во осознавање на нови работи. „Природник“ исто така организира и учествува на предавања, презентации и работилници поврзани со географијата, истовремено вкучувајќи ги младите во подигнување на свеста за разни аспекти за животната средина и адаптација кон климатските промени.

**Контакт:**
skopje@egea.eu

**„Кладенец“ (Пехчево)**
**Дејности од интерес: Животна средина, Одржлив развој**

„Кладенец“ е еколошко здружение чија мисија е промовирање, поттикнување и реализирање на иницијативи и активности кои ќе придонесат кон обезбедување и подобрување на одржливиот развој и заштита на животната средина во општина Пехчево, но и пошироко, и тоа преку взаемна и координирана работа на граѓанскиот сектор со локалната и националната власт и бизнис заедницата, потоа вклучување на разни чинители и нивна еколошка едукација за основните принципи за одржливиот развој, како и креирање на средина со избалансиран развој и заштита на природата.

**Контакт:**
тел: 070/222-445
edkp@t.mk

**„Колектив Зет“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Млади, Одржлив развој**

Младински колектив предводен од жени и посветен на градење моќ на луѓето за меѓусебни трансформативни активности за подобрување на благосостојбата на заедниците и планетата. Тие се и дел е од мрежата на млади луѓе „Young Friends of the Earth Europe“, која што работи колективно на еколошка и социјална правда.

„Колектив Зет“ е еден од предводниците на Коалицијата на иднината - платформа од 2020-та година, за градење колективна визија за иднината и креирање широка меѓусекторска група на луѓе, организации, активисти, движења, експерти, уметници, едукатори, заедници и индивидуи.
Националниот Зелен договор, кој „Колектив Зет“го креираа заедно со иницираното движење Коалиција на иднината, е основано врз граѓански визии.

**Контакт:**
contact@kolektivz.mk
https://www.kolektivz.mk/

**„Креактив“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Млади, Образование**

„Креактив“ е младинска организација за поддршка на едукативно-воспитен, социјален и личен развој на младите, младински активизам и активно граѓанство низ вклучување во неформални едукативни програми. „Креактив“ нуди сервис за млади во три главни области: едукација за мир и активизам, животна средина и здравје и уметнички медиуми, односно градење на личен и социјален идентитет на младите за посилно и поинклузивно општество, развивање на еколошката свест и залагање за одржливо и здраво живеење и истражување на емоционална интелигенција преку креативно самоизразување.

„Креактив“ работи на национално и на интернационално ниво.

**Контакт:**
kontakt@kreaktiv.mk
http://www.kreaktiv.mk/

**„ЛЕАД“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Млади, Образование**

„ЛЕАД“ е граѓанска организација за млади основана од индивидуи со позадина од граѓанскиот, приватниот, јавниот сектор и образованието. Организацијата тежнее да постигне состојба во која што младите во партнерство со возрасните активно учествуваат во општествените процеси, преземаат лична одговорност за моменталната состојба и преку континуиран личен развој придонесуваат за подобро општество.
Работата на ЛЕАД се темели на креирање на едукативни програми кои поттикнуваат личен развој, институционално јакнење и одржливост.
Нивната експертиза е креирање на едукациски програми и искуства, личен развој кај млади и лица што работат со млади, вештини за вработување, институционално јакнење на организации и компании.

**Контакт:**
070/868-486
078/204-814
info@lead.org.mk
http://lead.org.mk/

**„ЛОЈА“ (Тетово)**
**Дејности од интерес: Млади, Образование**

Центарот за Балканска соработка „ЛОЈА“ е невладина и непрофитна организација, со главни активности во областа на образованието и културата. Од целосна грасрут организација, со време се надгради во хибридна организација, која што од една страна одржува блиски врски со нејзината оригинална грасрут функција, но од друга страна пак, се обидува да влијае и на политики.

Образовните активности се одвиваат и на формално/институционално, и на неформално/грасрут ниво. На институционално ниво, имаат за цел да ја прошират соработката меѓу сите институции во образовниот систем. Исто така, целат и кон воспоставување воннаставни активности во сите педагошки факултети низ целата земја и пренесување на знаењето до училиштата во Северна Македонија преку идните наставници.

**Контакт:**
+38944352970
lojacentre@gmail.com
https://cbcloja.org.mk/

**„Македонско биолошко друштво“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина**

Здружението на граѓани „Македонско биолошко друштво“ е невладина, непрофитна и нерелигиозна организација во која граѓаните на Македонија членуваат на доброволна основа и ги здружуваат средствата и трудот за остварување на пошироки општествени интереси од областа на проучување на биологијата и биолошките дисциплини. Целта е да се популаризираат и унапредат биолошките науки и нивната примена.

**Контакт:**
biolozimk@gmail.com
https://biologija.yolasite.com

**„Македонско Еколошко Друштво (МЕД)“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина, Одржлив развој, Образование**

Основни цели на „Македонско еколошко друштво (МЕД)“ се промовирање на екологијата како наука, заштита и унапредување на животната средина и природата, ширење на еколошките знаења и унапредување на еколошкото образование, како и промовирање на принципот на одржлив развој.

Од „МЕД“ сметаат дека еколошкото образование во едукативниот систем во Северна Македонија е недоволно застапено, па реализираат програма „Еколошка едукација“, која нуди лекции за животни и растенија.

„МЕД“ исто така има изработено образовен пакет за птици, наменет за образувачи кои работат со деца од најрана возраст во рурални или помали градски средини. Нивните образовни содржини за растенијата опфаќаат кратки информативни објави и содржини и повеќе теми кои што ги отсликуваат животите на растенијата, нивната улога во нашиот живот и нивниот опстанок.

Тие исто така креираат и образовен пакет за балканскиот рис. За секоја одделна тема, се подготвени и интерактивни задачи според одделението. Наменет е за ученици од основно образование, но дел од активностите се презентираат и пред деца од предучилишна возраст, како и на средношкоци. Преку „Млади еколози“, спроведуваат јавни повици за доделување грантови на млади еколози. Програмата се спроведува во 2009-та, 2010-та, 2020-та и 2021-ва година.

Во 2020-та, заедно со Институтот за комуникациски студии е започнат проектот „Локална акција за подобри политики за заштита на животната средина“, преку кој се обучуваат еко-активисти и

средношколци од Пелагонија, Охрид, Струмица, Тиквеш, Демир Капија и Преспа – за  тоа како да иницираат и претстават одреден проблем во нивниот регион, а во чие решавање ќе ги вклучат граѓаните и институциите. Со проектот е направено и истражувањето „Локални приоритети за заштита на животната средина во регионите со заштитени подрачја“.

**Контакт:**
072/304-168
contact@mes.org.mk
https://mes.org.mk/
https://www.facebook.com/MES.org.mk/?ref=br_rs

**„Мама Органа“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Одржлив развој**

Мама Органа е правен субјект чија што главна активност е прибирање на биоотпад и производство на органски ѓубрива, при што се креираат работни места за социјално загрозени самохрани мајки и се неутрализираат последиците од климатската криза. Во нивните иницијативи за одржлив социо-економски развој, имаат тесна соработка со граѓанските организации, донатори и институциите и заеднички работат на решавање на предизвици со кои се соочува заедницата, особено во делот на промовирање на Целите за Одржлив Развој на ОН.

**Контакт:**
075/860-970
mamaorgana@gmail.com

**„МАЦЕФ - Центар за енергетска ефикасност на Македонија“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Одржлив развој**

„МАЦЕФ“ има цел да ги обедини инженерите, екологистите и економистите во една заедничка цел за постигнување одржлив развој на општеството преку активно учество при креирањето на енергетската политика и планирањето на развојот на енергетиката и енергетските ресурси - на ниво на поединец, локално и национално ниво.

„МАЦЕФ“ во 2008-ма и 2009-та година има објавено изданија „Необновливи извори на енергија“ и „Обновливи извори на енергија“, кои се во вид на сликовници-боенки наменети за деца. Исто така, издание „Право на избор на трошоци за енергија“ - совети за ефикасна употреба на енергија.

Тие исто така работат и на проекти за сончева енергија, енергетска ефикасност, за намалување на потрошувачката енергија со менување на навиките и за развој на енергетски конкурентно и одржливо стопанство.

**Контакт:**
02/3090-178
070/226-666
macef@macef.org.mk
www.macef.org.mk

**„Меѓаши - Прва детска амбасада во светот“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Образование**

„Меѓаши - Прва детска амбасада во светот“, ги застапува и заштитува правата на децата, поттикнува одговорно родителство и почит на детската личност, го зајакнува граѓанското движење за правата

на децата и детското учество и се залага за функционалност на институциите во најдобар интерес на детето. Нивната визија е 'Поправеден свет за секое дете'. Освен мировното образование, кое што е во фокус на организацијата, „Меѓаши“ често анализира и прави извештаи за различни сегменти од образовниот систем во Северна Македонија Тие се и дел од платформата „МојГрад“.

**Контакт:**
070/255-372
info@childrensembassy.org.mk
http://childrensembassy.org.mk/
https://www.facebook.com/detskaambasadamegjashi/

**„Младински образовен форум (МОФ)“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Млади, Образование**

„Младински образовен форум (МОФ)“ е младинска заедница која овозможува образование за дебата, правна писменот, лични и професионални вештини, креира истражувања и политики, обезбедува медиумски простор и информираност, поддржува активизам, самоорганизирање и учество за општествен развој на младите.

„МОФ“ работи на проекти за квалитетни образовни политики и можности за младите, поттикнување младински активизам, зајакнување на демократски компетенции и учество на младите луѓе, но и креирање младински пакети и ангажираност преку кампањи.

Во делот на неформалното образование, меѓу другото, има работено и на предавања во областа на животната средина и младинското претприемништво, потоа на мастер класови за активизам, аргументирано изразување и ментално здравје. Во 2011-та година заедно со повеќе организации потпишаа и Платформа за младинска одржливост. Исто така, има објавено и повеќе истражувања во полето на младинскиот активизам, младинско учество, средношколско и студентско организирање,

но и публикација „Еко дневник“. Понатаму, има соработувано и со основни и средни училишта на различни проекти.

Членови на организацијата се дел од работните групи, заедно со институции и младински организации, а во склоп на организацијата функционира и „Радио МОФ“, медиум кој често се фокусира на теми од областа на животната средина.

**Контакт:**
02/3139-692
info@mof.org.mk
https://mof.mk/

**„Младите можат“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Млади**

„Младите можат“ е Здружение на граѓани формирано од млади за млади. Цели на Здружението се покренување на свеста кај младите за активно граѓанство, давање можности на младите за реализација на младински иницијативи и креативно изразување на нивните мислења и ставови.
Исто така, иницирање на личен развој на младите луѓе преку младинска работа и неформално образование, но и промоција на човекови права и слободи на младите луѓе.

„Младите можат“ го иницираа „Social day“, алатка која би сакале во наредните години да стане препознатлива за младите на нациналнo ниво. Целта на „Social day“ е да се воспостави солидарност помеѓу младите во текот на нивните училишни денови, да инспирира активно граѓанство и општествен развој воден од млади. Меѓу другото, имаат и иницијатива за неформално образование и волонтирање, како и програма за локален активизам.

**Контакт:**
078/313-931
info@youthcan.org.mk
mladitemozat@gmail.com
https://www.youthcan.org.mk

**„НаТочак“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина, Одржлив развој**

Станува збор за иницијатива што произлезе од група велосипедисти, со цел подобро велосипедско Скопје.

Организатори се на повеќе 'критични маси' каде што колективно се вози велосипед по улиците и се алармира за различни проблеми со автоцентричност, немање велосипедски патеки, (не)почитување на сообраќајните правила, недостаток на јавни слободни простори – севкупно за различни сообраќајни и инфраструктирни проблеми.

Иницијативата низ годините стана главниот граѓански будилник кога се работи за предизвиците на велосипедизмот, но и за останатите учесници во сообраќајот кои се маргинализирани од моторизираниот урбан транспорт. „НаТочак“ со своето знаење и следење на светските вело-текови, редовно објавува фото стории, анализи за закони, поднесува јавни писма и предлози до сите кои носат одлуки, а во изминатите години соработува и со градските власти во креирањето на сообраќајните текови за главниот град.

**Контакт:**
http://natochak.blogspot.com/

**„Не биди ѓубре“**
**Дејности од интерес: Животна средина**

Граѓанска еко иницијатива која се залага за чиста околина.

На волонтерска основа, „Не биди ѓубре“, пробува да направи разлика за подигнување на свеста за животната средина, насекаде во државата, направено преку различни акции. Нивната мапа на градови каде што се направени акции за чистење е проширена од: Скопје, Куманово, Тетово, Гостивар, Куманово, Делчево, Берово, Прилеп, Струмица, Охрид, Струга, Битола и Гевгелија. До средината на 2021-ва година, „Не биди ѓубре„ има реализирано повеќе од 500 акции и собрано околу 10.000 ќеси со ѓубре.

Преку нивниот сајт може да се пријавува секој заинтересиран за волонтирање и на тој начин да се пријавува депонија низ државата.

**Контакт:**
https://www.nebidigjubre.com/

**„Национален младински совет на Македонија„ ()**
**Дејности од интерес: Млади, Образование**

„НМСМ“ е сојуз на здруженија во кој на доброволна основа членуваат здруженија и фондации од Северна Македонија. НМСМ е претставничко тело на младинските организации во оваа земја, и обединува 51-на организација: 17 младински организации, 20 организации за млади, 1 сојуз, 7 подмладоци на други организации и 6 придружни членки - со цел да се промовираат и застапуваат младите и правата на младите во Северна Македонија.

Членството на „НМСМ“ е разновидно, обединувајќи организации кои работат на национално и регионално ниво, рурални и урбани средини, студентски организации, ограноци на меѓународни организации и други видови на здруженија.

**Контакт:**
078/350-531
info@nms.org.mk
http://www.nms.org.mk/
http://www.nms.org.mk/clenki/
https://www.facebook.com/NMSMKD

**„О2 Иницијатива“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина**

Организација за заштита и одбрана на природата и обезбедување на чиста и здрава животна средина. Поттикнува иницијативи за чист воздух, почва, вода, без индустриски црни точки, без нови рудници, без стотици каменоломи, диви депонии, со чисти реки и сочувана и заштитена природа.

„О2 Иницијатива“ има искуство со македонски еколошки и климатски легислативи, прават анализи и осврти кон локални и национални проблеми со вода, воздух, почва, енергија. Застапуваат права на граѓани за квалитетен живот и чиста животна средина. Вклучени се и во „Граѓанскиот Инспекциски Совет (ГИС)“, формиран во 2021-ва година.

**Контакт:**
070/233-795
o2macedonia@gmail.com
https://www.facebook.com/o2inicijativa/

**„ОРТ - Одржлив развој“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Одржлив развој**

Непрофитна организација со мисија која што опфаќа промоции, обука, спроведување и воведување на принципите на одржливиот развој во сите сфери на живеењето и работењето на секое физичко и правно лице во Македонија и регионот.

Целите на организацијата се: апели за заштита на животната средина, студии за биолошка разновидност, дискусии за здравјето на луѓето, настани на граѓаните и власта за плуралистичкото и демократското општество, ангажмани за вклучување на маргинализираните групи луѓе во целокупното живеење, социјално претприемништво за социјално-економско зајакнување на сиромашните и невработените.

**Контакт:**
070/359-882
076/232-383
02/5111-345
orts@t.mk
ekologija@ort.mk
http://www.ort.mk/

**„ОХО“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Образование, Животна средина**

Здружението за едукација, комуникација и консалтинг „ОХО“ е создадено во 1998-ма година.
ОХО“ уште од стартот работи на еколошката едукација во земјата. Во 1999-та година ја развива својата програма „Немаме резервна планета“, како пилот проект во 10 основни училишта во

Северна Македонија, меѓу кои и во Крушево, Велес, Кавадарци и Скопје. Како дел од оваа програма произлегува богат спектар на дидактички материјали, кампањи и училишни програми за активно вклучување на училиштата и градинките во решавање на еколошките проблеми. Меѓу материјалите кои се дистрибуираат до различни воспитно-образовни установи се и 'ЕКО-календар' и 'ЕКО-прирачници за наставници'.

Во 2007-ма година, „ОХО“ влегува во Меѓународната мрежа на организации наречена ФЕЕ или „Фондација за еколошка едукација“, спроведувајќи ја програмата „Како да се стане еко-училиште“, која што наидува на голема прифатеност од училиштата во Северна Македонија.

Работејќи во континуитет во сферата на еколошката едукација, „ОХО“ во 2009-та година со поддршка од Министерството за образование и наука (МОН), одлучија да ја постават целокупната програма „Немаме резервна планета“ на едно повисоко ниво, вметнувајќи ја истата програма, преименувана како „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”, во редовната настава во предучилишното и основното образование.

„ОХО“ добива своја канцеларија во ресурното министерство, со свој вработен човек, со што организацијата добива институционална поддршка за имплементација во градинки, основни и средни училишта и ученички домови. Програмата се состои од неколку составни делови меѓу кои главно место зазема програмата „Како да се стане еко училиште”, методологија на седум чекори од област еко-менаџмент, како и четири еко-стандарди кои претставуваат задолжителни стандарди за сите образовни институции.

Со „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”, Државниот просветен инспекторат вклучува делови од еколошката едукација во Евалуација на работата на училиштата, со што се добива јасна слика за нејзиното спроведување, но и за конкретните активности што ги преземаат институциите.

Од учебната 2014-та/2015-та година, „ОХО“ за првпат во државата го реализираат проектот „Еко

пакет“, како проект за основните еко училишта со зелено знаме. Исто така, „ОХО“ ја спроведува и програмата „Млади репортери за животната средина“, каде што средношколци креираа статии, фотографии и видеа, па добиваа награди за натпреварите на еколошка тема.

**Контакт:**
077/950-167
biljana@oxo.org.mk
https://www.oxo.org.mk/

**„Паблик“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Одржлив развој**

„Паблик“ е асоцијација за истражување, комуникации и развој. Поттикнување позитивна општествена промена со развој на социјално претприемништво и со потикнување социјална инклузија преку истражување, застапување и учество во креирање на јавните политики.

Исто така, „Паблик“ цели кон развој на целокупниот еко-систем во кој оперираат социјалните претпријатија во Северна Македонија. „Паблик“ е исто и основач на списанието за одржлив развој „Лице в лице“, а имаат контакти и соработки со различни чинители во склоп на одржливиот развој.

**Контакт:**
075/433-859
02/2466-444
info@public.org.mk
https://public.org.mk/

**„Петоци за иднината (Fridays for future)“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Климатски промени, Животна средина, Млади**

Движење против климатските промени во локалниот контекст на Северна Македонија. Скопскиот огранок на движењето главно се состои од млади луѓе, а тие учествуваат во различни акции и протестни собири. Исто така, соработуваат и со други младински организации во полето на животната средина, климата, образованието и младинските политики.

**Контакт:**
skopje@fridaysforfuture.org
https://www.facebook.com/fridaysforfuturesk/
https://www.fridaysforfuture.org/

**„Планетум“ (Струмица)**
**Дејности од интерес: Животна средина**

„Планетум“ е здружение основано во 1999-та година. Почетоците на „Планетум“ се поврзани со активности за намалување на пластичниот отпад поради неговото штетно влијание врз природата и животот на луѓето. Подоцна, справувањето со отпад остана стратешка определба на „Планетум“, заедно со други активности за заштита на животната средина од загадување и одржување на рамнотежа во природата.

**Контакт:**
070/374-579
contact@planetum.mk

**„Плоштад Слобода“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Одржлив развој**

Организација за активизам, теорија и уметност, со фокус на урбанизам, отворени функционални јавни простори и одржлив развој. „Плоштад Слобода“ низ годините има организирано и спроведено протести, јавни собири, трибини, работилници, истражувања, разни изданија, пописи на зеленило и вело-тури. „Плоштад Слобода“ е и креатор на платформата „Град за сите“.

**Контакт:**
071/464-967
075/435-651
https://www.facebook.com/PlostadSloboda/
http://www.gradzasite.mk

**„Полимат 13“ (Богданци)**
**Дејности од интерес: Животна средина, Климатски промени, Образование**

Здружението за развој, едукација и еколошка етика „Полимат 13“ работи на полето на заштита на животната средина, преку подигнување на јавната свест и преземање конкретни активности за унапредување на зачувување на животната средина со широко вклучување на заедницата во развојните процеси. Меѓу другото, спроведуваат проекти како „Еко разиграна сликовница“ наменета за деца до осум годишна возраст. Исто така, спроведуван е проектот „Млади во климатска акција“ за млади на возраст од 13 до 17 години во општина Богданци, со цел да се подигне свеста за климатските промени.

**Контакт:**
075/216-103
075/393-306
https://www.facebook.com/Polymath13-Bogdanci-276864659152991
info.polymath13@gmail.com
https://polymath13.mk

**„Пријатели на образованието“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Образование, Животна средина**

Здружение за развивање и дигитализација на образованието и културното наследство.

Сектори на дејствување: меѓуетнички односи, толеранција, култура, деца младинци и студенти, животна средина и природни ресурси, образование, наука и истражувања.

**Контакт:**
077/877-638
taleski000@yahoo.com
http://www.friends-of-education.org

**„Регионален центар за животна средина (РЕЦ)“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина, Образование**

Канцеларијата на „РЕЦ“ во Северна Македонија е присутна во земјата преку локален координатор уште од јули 1993-та година, а истата официјално започна со работа во јануари 1995-та година. Развојните програми на „РЕЦ“ се направени за да ги промовираат областите како интегрирано управување со отпад и водени ресурси, стратегиска оцена за животната средина, соработка со

невладиниот сектор, зголемување на јавната свест за животната средина, како и образование за одржлив развој.

„РЕЦ“ ги развива мултимедијалните алатки за образование за одржлив развој „Зелен пакет“ и „Зелен пакет – Јуниор“. Истите, во форма на Прирачници за наставници се развиени од „РЕЦ“ во периодот од 2006-та до 2012-та година, и исто така пакетите беа бесплатни за сите основни училишта во Северна Македонија и дистрибуирани со поддршка на Бирото за развој на образованието, кое воедно требаше да биде и контролор, и по завршувањето на проектот да го следи степенот на користење на Прирачникот - по предметите, односно наставата која што има допирни точки со областите поврзани со животната средина и одржлив развој. Во текот на реализацијата на проектот, обучени се помеѓу 500 и 550 наставници од вкупно 350 училишта во државата. „Зелен пакет“ е наменет за предметната настава, односно за од шесто до деветто одделение, додека пак „Зелен пакет - Јуниор“ е наменет за настава од прво до петто одделение. Исто така, „РЕЦ“ е дел од проекти и документи за стакленички гасови од патниот сообраќај, за вклучување на јавноста во одлуки за животната средина, и интегрирање на знаењата за климата.

**Контакт:**
02/3090-135
02/3090-136
Macedonia@rec.org
mk.rec.org

**„Регионален центар за одржлив развој“ (Кратово)**
**Дејности од интерес: Одржлив развој, Животна средина**

Центарот е насочен кон поддршка и одржлив развој на локалната заедница, поголема мобилизација на расположивите ресурси и социо-економско зајакнување и интеграција на регионот, пред се во сопствени рамки, а потоа и во интеграција на Северна Македонија во рамки на ЕУ.

Овој центар постои од 2003-та година. Во периодот од 2003-та до 2006-та година функционира како Центар за поддршка на НВО, финансиран од ЕУ, а потоа се трансформира во самостоен правен субјект. Меѓу 2007-ма и 2009-та година го реализира еколошкиот проект „Да не дозволиме пластиката да го надживее човекот", каде што активностите се поврзани со собирање и рециклирање на ПЕТ амбалажа. Потоа работи и на „Волонтер – Екологија - Кратово", проектите „Зајакнување на мрежата на индивдуални собирачи на ПЕТ амбалажа", „Активирај се! Селектирај, рециклирај и заштити ја сопствената животна средина" и „Енергетските ресурси - Виза за зелена иднина".

**Контакт:**
078/464-401
regionalencentar@gmail.com
https://regionalencentar.org.mk/

**„Рурална коалиција" (Куманово)**
**Дејности од интерес: Климатски промени, Одржлив развој**

„Рурална коалиција" работи на подобрување на квалитетот на живот во руралните средини, едукација, организација и заедничко делување на земјоделците, влијание на политиките на национално и локално ниво, рамномерен регионален развој и промоција и јакнење на капацитетите на локалните граѓански организации. „Рурална коалиција" е препознатлив партнер на земјоделските здруженија, опфаќа грастур активности; мониторинг, следење на законска национална и ЕУ регулатива, дури и креирање на документи за јавни политики и влијание.

Родовата рамноправност и еднаквост, младите, вклучувањето на етничките малцинства и ранливите категории на граѓани се хоризонталните теми на кои Коалицијата исто така посветува внимание, па така во рамките на Коалицијата неформално делува и „Рурално Женско Лоби", составено од активни жени-земјоделки кои што делуваат и придонесуваат кон локалниот

економски развој во руралните средини. Исто така и „Младински Рурален Клуб“ во кој членуваат младите од руралните средини.
Меѓу другото, спроведуваат и проекти како „Климатска акција за климатските промени во земјоделството“ и „Дигитализација во земјоделството - СЕГА!“.

**Контакт:**
078/303-735
rkoalicija@gmail.com
https://rural.mk/

**„СЕГА - Коалиција на младински организации“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Млади**

Коалицијата на младински организации „СЕГА“ работи на развивање и примена на младински политики на локално и национално ниво, ги поврзува и јакне младинските организации со цел активирање на младите и подобрување на условите за нивен личен и професионален развој во Северна Македонија. „СЕГА“ работи на зајакнување на капацитетите на младите луѓе и работи со локалната и централната власт да обезбеди успешна средина за младите. „СЕГА“ соработува со меѓународни, национални, регионални и локални партнери, со цел да спроведува проекти кои го подобруваат животот на младите луѓе.

**Контакт:**
sega@sega.org.mk
http://www.segaorg.mk/
https://www.facebook.com/coalitionSEGA

**„Сојуз на извидници на Македонија“**
**Дејност: Млади, Образование**

Овој сојуз се фокусира на неформално образование за млади луѓе користејќи го извидничкиот метод. Обезбедува програма која обезбедува интелектуален, психички, духовен, социјален, карактерен и емотивен развој за секој млад човек. Исто така, работи и на промоција и практикување на демократијата и човечките права преку стимулативни средби и процеси. Понатаму, дава и поддршка на други младински организации, младински мрежи и заедничка работа со институции, но и промовирање на активно граѓанство.

**Контакт:**
02/311-2254
sim@scout.org.mk
http://scout.org.mk/

**„Солар Македонија“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Одржлив развој**

Целта на здружението е да поттикнува и овозможува соработка помеѓу фирмите во Северна Македонија (производители, проектанти, изведувачи, увозници, сервисери), експерти и научници од сите научни дисциплини, опфаќајќи техники и технологии поврзани со истражувањата, развојот и промоцијата на сончевата енергија, како и со проектирањето, производството, комплетирањето, експлоатацијата и одржувањето на објектите за користење на сончевата енергија.

Во 2008-ма година ја спроведува работилницата „Нови граници на ниски цени фотоволтаични соларни ќелии“, а во 2009-та „Интегрирање на соларните топлински системи во покривите и фасадите“.

Низ годините учествуваат во различни конференции, трибини и форуми поврзани со сончевата енергија.

**Контакт:**
070/205-635
ilija.nasov@yahoo.com
www.solar.org.mk

**„СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ“ (Битола)**
**Дејности од интерес: Млади, Одржлив развој**

Мисијата на „СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ“ е да ја подига свеста и да ги едуцира заедниците низ Северна Македонија преку методи на неформално образование на различни теми, вклучувајќи заштита на животната средина, културна свест, здрав начин на живот, развој на младите, спорт, уметност и активно учество преку волонтерство во Северна Македонија и Европа. Организацијата работи со млади на возраст до 35 години, за подобро развивање на нивните вештини преку семинари и тренинзи во Европа и Северна Македонија. Исто така, работи на локални, интернационални и Еразмус+ проекти.

**Контакт:**
074/245-154
info@sferainternational.org
www.sferainternational.org

**„Тисовец“ (Кавадарци)**
**Дејности од интерес: Животна средина, Млади**

Еколошко друштво за заштита на животната средина и едукација на млади, „Тисовец“ е организатор на т.н. „Еко кампови“, каде што учествуваат деца од тиквешките села. Заедно со Општина Кавадарци, имаат реализирано „Еко квизови“, со цел основците преку натпревар да ги покажат своите знаења од областа на екологијата, но и генерално да се подига свеста за учениците за проблемите во животната средина. Исто така, „Тисовец“ има лобирано и против загадувачката индустрија во Кавадарци. Имаат соработувано и со „ДРГЗП-Велес“, „НВО Зона“, „СППМД“, „ПСД Орле“, „Тиквешки Точакџии“ и „Црвен Крст“.

**Контакт:**
071/288-506
edtisovec@yahoo.com

**„Треска“ (Македонски брод)**
**Дејности од интерес: Животна средина**

Еколошкото друштво „Треска“ од Македонски Брод е невладина, непартиска и непрофитна организација во која што членуваат доброволно граѓани од општината Македонски Брод и Република Северна Македонија на доброволна основа и волонтеризам, со цел заштита и унапредување на животната средина.

**Контакт:**
treskaed@freemail.com.mk

**„Фронт 21/42“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина**

„Фронт 21/42“ е еколошко здружение на граѓани со крајна цел хармонизирање на општеството со природата. Тие уште од 2010-та година спроведуваат активности за зачувување на Националниот парк „Маврово“ и последните слободни реки во Северна Македонија. Почнувајќи од 2013-та година, активностите на „Фронт 21/42“ се поддржани од меѓународната кампања „Да го зачуваме синото срце на Европа". Исто така, имаат и креирано прирачник „Користете ги правните алатки и механизми за заштита на животната средина – инспирирајте се од приказната за Националниот парк Маврово и зачувајте ги последните диви и слободни реки во Европа“.

**Контакт:**
078/433-713
02/3122546
contact@front.org.mk
http://www.front.org.mk/
https://www.facebook.com/Environmetaldemocracy

**„Флорозон“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Животна средина, Климатски промени**

Организацијата работи на развој на еколошката демократија и застапување на реформи од областа на животната средина. Тие се и активно вклучени во промоција на човекови права, обезбедување на безбедна животна средина и подобрување на квалитетот на живот на локално, но и на меѓународно ниво.

Програмските активности на „Флорозон“ се поврзани со животната средина и климатските промени, управување, свесност и заштита на животната средина. Меѓу другото, „Флорозон“ има

работено на проекти како „Инклузија на младите во управувањето со отпад", „Промоција на обновливи извори на енергија на локално ниво", „Озеленување на македонската правда", „Обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност во градот Скопје", „Локална акција за глобална климатска адаптација" и „Здрава животна средина за здрави работници".

Исто така, имаат креирано и прирачник за обновливи извори на енергија „Направи сам свој сончев колектор". Понатаму и водич за агро-еколошки мерки, документ со мерки за адаптација на земјоделството кон климатските промени, студија за води, брошури за добри практики во животната средина, но и анализи на домашните легислативи поврзани со животната средина.

**Контакт:**
078/430-251
contact@florozon.org.mk
https://florozon.org.mk/
https://www.facebook.com/FlorozonNMK/

**„Центар за едукација и развој - ЦЕД" (Теарце)**
**Дејности од интерес: Млади, Образование, Животна средина**

Целна група на „ЦЕД" се млади лица на возраст од 12 до 28 години, а за остварување на своите цели тие секогаш во своите активности ги вклучуваат младите. Нивните приоритети се редуцирање на девијантното однесување помеѓу младите преку организирање на културални и спортски настани, заштита на животната средина преку активности за покревање на свеста на граѓаните, подобрување на интеретничката соработка помеѓу сите националности што живеат во регионот преку организирање на заеднички активности. Области во кои што делуваат се екологија, култура, институционален развој, едукација и волонтеризам.

Во поглед на екологијата, стартувајќи од 2007-ма година, ЦЕД како домаќин на 21-ви март започна

со одбележување на „Ден на екологијата". Оваа активност има за цел да поттикне креативни и иновативни пристапи кон екологијата, давајќи им можност на младите да се вклучат во еколошки едукативни активности и да ја покажат својата свест за заштита на животната средина.

Потоа, меѓу 2009-та и 2014-та година ја креираа програмата „Чиста животна средина - здрава иднина". Оваа програма се обиде да ја подигне свесноста на жителите, и младите и возрасните, за методите за заштита на животната средина, промоција и заштита на шарскиот регион и неговата флора и фауна, како и промоција на еколошки свесен туризам во регионот на Шара. Во соработка со Општина Теарце, „ЦЕД" презеде голем проект за креирање општинска стратегија против климатските промени.

**Контакт:**
070/838-148
info@ced.org.mk
https://ced.org.mk

**„Центар за климатски промени" (Гевгелија)**
**Дејности од интерес: Климатски промени, Животна средина**

„ЦКП" е невладина, нерелигиозна, неполитичка и непрофитна организација. Нивната мисија е да ја штитат животната средина и да имплементираат активности за борба со климатските промени, со цел подобрување на животната средина. Организацијата има подружници и во Скопје и Охрид.

Во 2008-ма и 2009-та година ја реализираат програмата „Градење на локалните капацитети за развој на проекти за климатските промени". Меѓу другото, потоа реализираат и проекти како „Почиста и поефективна индустрија во Македонија", „Подобрување на енергетскиот менаџмент во македонската Индустрија", „Е-отпад создава можности", но и „Енергија од отпад за одржлива иднина!", чија што цел е да се постигне теоретско и практично образување на младите за да се

активираат во кампања за одржлив развој.

„ЦКП“ работи и со управување на животна средина, отпад, енергија, подготовка на IPPC апликации, EIA и SEA студии, елаборати, кампањи за јавна свест и логистика на разни настани за животна средина. „ЦКП“ има изработено и изданија за капацитети за интеграција во политиките за климатски промени, како и тренинг програма за управување со отпад, но и Студија за моменталната состојба со вклученоста на јавноста во процесот за донесување одлуки за животна средина.

**Контакт:**
02/5208-330
centarzaklimatskipromeni@yahoo.com
ckp.gevgelija@gmail.com
ckp.skopje@gmail.com
ckp.ohrid@gmail.com
https://ckp.org.mk/

**„ЦеПроСАРД“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Климатски промени, Животна средина, Образование**

„ЦеПроСАРД“ е непрофитна организација основана во 2008-ма година преку иницијатива на група граѓани - професионалци од областа на техничките и природните науки, заштита на животната средина, земјоделство и економија, врз основа на експертиза, искуство и приметена потреба за интензивна акција во областа на одржливиот развој.

Главна област на делување на организацијата е животната средина, со конкретен фокус на енергетската ефикасност, обновливите извори на енергија, заштита на природата и влијанието на климатските промени. „ЦеПроСАРД“ има и проекти за изработка на елаборати за животна средина, за мерки за адаптација и намалување на климатските промени, а ова се практикува и за проектот

„Чиста енергија за чист воздух“.

Исто така, во 2018-та година има работено и на зајакнување на образованието во средните технички училишта преку воведување едукативни програми за целите за одржлив развој. Целни групи на проектот беа наставниот кадар и учениците од средните училишта со технички насоки (градежна, машинска и електротехничка) во Скопје, Гостивар, Тетово и Крива Паланка, како и локалните самоуправи кои што работат во областа на одржливиот развој, и секако наставниците и учениците од средните училишта во земјата.

**Контакт:**
02/3061-391
info@ceprosard.org.mk
www.ceprosard.org.mk

**„Црвен крст“**
**Дејности од интерес: Животна средина**

Црвен крст на Република Северна Македонија е единствена организација на територијата на државата, која ја сочинуваат организациите на Црвен крст на општините и градот Скопје. Црвен крст не е типично здружение на граѓани, но е доброволна, масовна, самостојна, невладина, непартиска и независна хуманитарна организација на граѓаните на земјата.

Освен во полето на заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната состојба, „Црвен крст“ има учествувано и во повеќе акции и активности поврзани со прилагодување кон климатски промени, топлотни бранови, поплави, пожари, екологија и слично.

**Контакт:**
02/3114-355
mrc@redcross.org.mk
https://ckrm.org.mk/

**„Чекор по чекор“ (Скопје)**
**Дејности од интерес: Образование**

Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор" – Северна Македонија го поддржува развојот на отвореното општество, реализирајќи активности во областа на образованието, уметноста, културата, издаваштвото, како и човековите (детските) права.
Фондацијата „Чекор по чекор“ спроведува програми во градинките, основните училишта и другите образовни и културни институции, поддржува иновативни пристапи и на разни начини се стреми да ги зголеми можностите за образование на децата и да им помогне да го реализираат својот целосен потенцијал.

Во последните 20 години, „Чекор по чекор“ соработува со меѓународни и локални организации, институции и останати партнери, со цел да се создадат еднакви можности за квалитетно образование за сите деца.

**Контакт:**
02/3077-900
info@stepbystep.org.mk
www.stepbystep.org.mk

## КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ ЗА ДОКУМЕНТОТ:


- https://www.klimatskipromeni.mk/
- https://www.bidizelen.org/
- https://ekosfera.mk/
- https://reagiraj.mk/
- https://razbistri.se/
- https://mojgrad.mk/
- https://www.zelenglas.mk
- https://iks.edu.mk
- https://ecoschoolmacedonia.wordpress.com
- https://mladireporteri.wordpress.com/
- https://vlada.mk/
- https://drive.google.com/file/d/1EA0_pMww_Y4ohVDqT-m6wfIRbX1q0yZR/view
- https://www.facebook.com/
- https://veloschools.mk/
- https://ecologic.mk/
- https://digitakt.mk/
- https://doma.edu.mk/
- https://mes.org.mk/
- http://mk.rec.org/
- http://www.nms.org.mk/
- http://ruralnet.mk/
- https://skopje.gov.mk
- http://www.ams.gov.mk/
- https://civicamobilitas.mk/
- https://ckrm.org.mk/
- https://ckp.org.mk/

- http://www.front.org.mk/
- https://florozon.org.mk/
- http://eko-svest.ekosfera.mk/
- https://drive.google.com/file/d/1ha7KF7D9ej7NLNka74RxLk0MO04B-K5V/view
- www.solar.org.mk
- http://scout.org.mk/
- http://www.segaorg.mk/
- https://public.org.mk/
- https://regionalencentar.org.mk/
- https://polymath13.mk
- http://www.gradzasite.mk
- https://arno.org.mk/mk/
- https://dem.mk/
- http://childrensembassy.org.mk/
- www.ekovita.mk
- http://www.ort.mk/
- https://www.nebidigjubre.com/
- https://mof.mk/
- http://natochak.blogspot.com/
- https://www.youthcan.org.mk
- www.macef.org.mk
- https://cbcloja.org.mk/
- https://zmai.mk/
- https://www.kolektivz.mk/
- https://izsg-prirodnik.com.mk/
- https://ursusspeleos.org.mk/
- https://artpoint-gumno.org.mk/
- https://wakeup.mk
- http://zelenataarka.tk/

- http://www.vilazora.org.mk/
- https://dren2017.wordpress.com/
- https://vcs.org.mk/
- https://geosfera.weebly.com/
- https://euromobilnost.com/ngo/
- https://molika.mk/

ADVANCING ENVIRONMENT AND CLIMATE CHANGE EDUCATION

eco LOGIC

unicef

Sweden Sverige

МАПИРАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИ ВО ПОЛЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ